2

1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopj
fa

СЛУ... НА СОЦИЈАЛИСТИЧ... ...КА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

... 1986
БЕЛГРАД
БРОЈ 31 ГОД. XLII

Цена на овој број е 440 динари. – Аконтацијата на претплатата за 1986 година изнесува 3.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

456.

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/83), Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 7 мај 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК

Се разрешува од должноста секретар на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок Илија Јововиќ, со 15 мај 1986 година.

Број: 0-9
7 мај 1986 година
Белград

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Радован Влајковиќ, с. р.

457.

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/83), Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 7 мај 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК

За секретар на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок, почнувајќи од 16 мај 1986 година, се именува Ангелко Маслиќ, сојузен советник и раководител на Службата за прашања на заштитата на уставниот поредок на Претседателството на СФРЈ.

Број: 0-10
7 мај 1986 година
Белград

Претседателство
на Социјалистичката Федеративна Република Југославија

Претседател,
Радован Влајковиќ, с. р.

458.

Врз основа на член 56 од Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), Законодавно-правната комисија на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, на седницата од 22 април 1986 година, го утврди пречистениот текст на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци.

Пречистениот текст на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци ги опфаќа Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), Законот за измени на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/83) и Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), во кои е назначен денот на влегувањето во сила на тие закони, како и Исправката на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/82).

АС бр. 315
22 април 1986 година
Белград

Претседател
на Законодавно-правната
комисија на
Сојузниот собор на
Собранието на СФРЈ,
Јанез Лукач, с. р.

ЗАКОН

ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ И НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ
(Пречистен текст)

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат основните права на воените инвалиди, на семејствата на паднатите борци и на членовите на семејствата на воените инвалиди.

Член 2

Воен иналид е лице кое вршејќи воена должност во војна или во мир здобило рана, повреда, озледа или болест, поради која настапило оштетување на неговиот организам.

Член 3

Семејство на паднат борец е семејството на лице кое вршејќи воена должност во војна загинало, умрело или е прогласено за исчезнато.

Глава II

ВОЕНИ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНИТЕ

Член 4

Воен инвалид од војните е државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кој, вршејќи воена должност или други должности за воени цели или за целите на државната безбедност, во војна здобил рана, повреда, озледа или болест, па поради тоа настапило оштетување на неговиот организам најмалку за 20%.

Член 5

Воен инвалид од војните е државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кај кого оштетување на организмот настапило:

1) поради рана, повреда, озледа или болест здобиена во војна при вршењето на воените должности или на други должност за целите на одбраната или безбедноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) поради рана, повреда, озледа или болест здобиена во времето од 17 април 1941 до 15 мај 1945 година во составот на партизанските одреди, Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија, односно на Југословенската армија, или надвор од нивниот состав, при вршењето на воени должности или други должности за воени цели или други должности по наредба на воените органи или на органите на власта.

Член 6

Воен инвалид од војните е државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кај кого оштетување на организмот настапило:

1) поради рана, повреда, озледа или болест здобиена при вршењето на должност за целите на државната безбедност или на народната одбрана или по повод вршењето на таа должност од 15 мај 1945 до 31 декември 1947 година;

2) поради рана, повреда или озледа здобиена со учествување во вооружена акција на државната безбедност или на народната одбрана или по повод таа акција по 31 декември 1947 година;

3) поради рана, повреда или озледа што ја здобил како припадник на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во натамошниот текст: вооружени сили), при вршењето на воени должности во странска земја која е во вооружен судир, ако на вршење на тие должности го упатил надлежниот воен орган во рамките на меѓународните обврски што ги презела Социјалистичка Федеративна Република Југославија по 15 мај 1945 година.

Член 7

Воен инвалид од војните е и државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кај кого постоела болест која се влошила под околностите од член 5 и од член 6 точка 1 на овој закон или болест за која не може сигурно да се заклучи дека е предизвикана под тие околности, но може да се заклучи дека воените напори значително влијаеле врз нејзиното влошување, па поради тоа настапило оштетување на неговиот организам најмалку за 20%.

Член 8

Воен инвалид од војните е и државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кај кого оштетување на организмот настапило:

1) поради рана, повреда, озледа или болест што ја здобил во составот на југословенската војска за време на војната од 6 до 17 април 1941 година или подоцна, како воен заробеник во логори;

2) поради рана, повреда, озледа или болест што ја здобил во сојузничките редови во борбата за уништување на фашизмот или како учесник во востанијата за народно ослободување;

3) поради рана, повреда, озледа или болест што ја здобил како учесник во Народноослободителното движење на Грција од 6 април 1941 до 15 мај 1945 година и Народноослободителното движење на Грција од 15 мај 1945 до 8 јули 1949 година.

Воен инвалид од војните е и државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија:

1) кому по завршетокот на поранешните војни му е признато својството на воен инвалид со одлука на надлежниот орган, односно кому дополнително му е признато својството на воен инвалид од војните;

2) кој е иселеник повратник, а кому му го признале својството на воен инвалид од војните сојузничките земји од Првата или Втората светска војна, ако по таа основа не остварува права од тие земји.

Член 9

Воен инвалид од војните е и странец кај кого настапило оштетување на организмот под околностите од чл. 5 до 7 на овој закон.

Член 10

Воен инвалид од војните кој дополнително ќе ги исполни услови за стекнување на својството на мирновременски воен инвалид, го задржува својството на воен инвалид од војните, а инвалидитетот му се утврдува според вкупното оштетување на организмот по обете основи.

Глава III

МИРНОВРЕМЕНСКИ ВОЕНИ ИНВАЛИДИ

Член 11

Мирновременски воен инвалид е државјанин на Социјалистичка Федеративнаа Република Југославија кој во мир, како воено лице, во вршењето на задолжителната или доброволната воена служба во вооружените сили или во врска со таа служба или на должноста во воените училишта во својството на питомец, без своја вина, здобил рана, повреда или озледа, па поради тоа настапило оштетување на неговиот организам најмалку за 20%.

Мирновременски воен инвалид е државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кој во мир, како активно воено лице, во вршењето на службата во вооружените сили, без своја вина, здобил рана, повреда или озледа под околностите што се специфични за вршењето на службата во вооружените сили (вежби, логорувања, маневри, дежурства, тревоги, вршење на служба во отежнати услови, вонредни ситуации предизвикани од потребите на борбената готовност, употреба на средствата на вооружените сили, ракување со вооружување и воена опрема, потреби на командување, обиколка и инспекција на единици и сл.), па поради тоа настапило оштетување на неговиот организам најмалку за 20%.

Член 12

Мирновременски воен инвалид е државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кој како воено лице, по 15 мај 1945 година, здобил болест која е непосредна последица од вршењето на задолжителната или доброволната воена служба во вооружените сили или на должноста во воените училишта во својството на питомец, па поради тоа настапило оштетување на неговиот организам најмалку за 60%

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, мирновременски воен инвалид е и државјанин на Социјалситичка Федеративна Република Југославија кој, како воено лице, здобил болест која е непосредна последица од вршењето на задолжителната воена служба надвор од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во рамките на меѓународните обврски што ги презела Социјалистичка Федеративна Република Југославија, па поради тоа настапило оштетување на неговиот организам најмалку за 50%.

Мирновременски воен инвалид е државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кај кого, под околностите и под условите од ст. 1 или 2 на овој член, поради влошување на болеста што постоела пред стапувањето во вооружените сили, настапило оштетување на организмот најмалку за 60% односно за 50%.

Мирновременски воен инвалид кој ќе ги стекне правата според овој закон врз основа на болест и ги ужива најмалку пет години, па потоа состојбата ќе му се подобри и процентот на инвалидитетот ќе му се намали под процентите определени во ст. 1 и 2 на овој член, го задржува својството на мирновременски воен инвалид и ги користи правата според намалениот процент на инвалидитетот, под услов утврденото оштетување на организмот да не е помало од 20%.

Член 13

Мирновременски воен инвалид е и државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кај кого

ското друштво на ликовни уметници, Сојузот на хрватските друштва на ликовни уметници, Заедницата на уметници на Хрватска, Друштвото на дизајнери на Хрватска, Друштвото на ликовни уметници на Хрватска и работната организација „Југословенска авотрска агенција", ООЗТ „Авторска агенција", за СР Хрватска. Уставниот суд на Југославија утврди дека одредбите на точка 9 од член 36 на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот се несогласни со Уставот на СФРЈ.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Судот д-р Јосиф Трајковиќ и судии: Божидар Булатовиќ, Јаким Спировски, д-р Александр Фира, д-р Васил Гривчев, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Рамадан Враниќи, Радко Мочивник, Милисав Стијовиќ, Душан Штрбац и Иван Франко.

У-бр. 155/85
9 април 1986 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд ан Југославија,
д-р **Јосиф Трајковиќ**, с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за правото на временско користење на туристички објект, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 24/86 се поткраднале долу наведените грешки, та се дава

ИСПРАВКА

НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВОТО НА ВРЕМЕНСКО КОРИСТЕЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ОБЈЕКТ

1. Во член 1 на крајот на став 2 по зборот: „договор" треба да се бришат зборовите: „за продажба".

2. Во член 3 по зборот: „договорот" треба да се бришат зборовите: „за правото на временско користење на туристички објект".

Од Службата за законодавство на Собранието на СФРЈ, Белград, 6 јуни 1986 година.

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот, објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 69/85, се потркаднала долу наведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

Во Списокот на стоките со форми на извозот и увозот во тарифниот број 85.20 наместо бројните ознаки: „1), 2), 3), 4)" треба да стојат бројните ознаки: „1), 2), 4), 5)".

Од „Службен лист на СФРЈ", Белград

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Упатството за единствените методолошки принципи за начинот на водење и користење на евиденцијата за остварената, научна, културна, просветна, техничка и технолошка соработка со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/86) се поткраднаа долунаведените грешки, па се дава

ИСПРАВКА

НА УПАТСТВОТО ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ МЕТОДОЛОШКИ ПРИНЦИПИ ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ЗА ОСТВАРЕНАТА НАУЧНА, КУЛТУРНА, ПРОСВЕТНА, ТЕХНИЧКА И ТЕХНОЛОШКА СОРАБОТКА СО СТРАНСТВО

1. Во точка 9 во уводната реченица наместо зборот: „стопанска" треба да стои: „подготвителна", а став 4 треба да се изостави.

2. Во точка 14 ставот 2 треба да се изостави.

3. Во точка 19 по зборот: „просветна", треба да се додаде зборот: „културна".

Од Сојузниот завод за меѓународна научна, просветно, културна и техничка соработка, Белград 19 април 1986 година.

УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА СИЕРА ЛЕОНЕ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА СИЕРА ЛЕОНЕ

I

Се отповикува

Ференц Деак од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Сиера Леоне со седиште во Конакри.

II

Се назначува

д-р Лилјана Тодорова, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Гвинеја, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Сиера Леоне со седиште во Конакри.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 13
16. мај 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Врз основа на член 315 точка 5 до Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ФЕДЕРАЛНА РЕПУБЛИКА НИГЕРИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ФЕДЕРАЛНА РЕПУБЛИКА НИГЕРИЈА

I

Се отповикува

Рамадан Мармулаку од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Федерална Република Нигерија.

II

Се назначува

Влатко Ќосиќ, досегашен претседател на Работоводниот одобр на Радио Телевизија Сараево, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Федерална Република Нигерија.

III

Сојузниот секратар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 14
19. мај 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 213 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и на Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За генерален секретар на Сојузниот извршен совет се назначува Зоран Мишковиќ, досегашен генерален секретар на Сојузниот извршен совет.

С.п.п. бр. 932
16 мај 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Бранко Микулиќ, с. р.

Врз основа на член 245 став 5 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се разрешува од должноста потсекретар во Сојузниот извршен совет – шеф на Кабинетот на претседателот на Сојузниот извршен совет, Мирољуб Луковиќ поради истекот на времето на кое е поставен.

Именуваниот се става на располагање во смисла на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

С.п.п. бр. 933
16 мај 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Бранко Микулиќ, с. р.

Врз основа на член 245 став 5 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се назначува за потсекретар во Сојузниот извршен совет – шеф на Кабинетот на претседателот на Сојузниот извршен совет Горан Капетановиќ, досегашен шеф на Кабинетот на член на Претседателството на СФРЈ.

С.п.п. бр. 934
16 мај 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Бранко Микулиќ, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

456. Одлука за разрешување на секретар на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок — 937
457. Одлука за именување секретар на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок — — — 937
458. Закон за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци (Пречистен текст) — — — — — — — — — — — — — — 937
459. Одлука за прифаќање на Општествениот договор за организирањето и финансирањето на XIV светски универзитетски летни игри 1987 година во Загреб — — — — — — — — — — — — 953
460. Одлука за потврдување на Завршната сметка и на Извештајот за работењето на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за 1985 година — — — 954
461. Одлука за именување секретар на Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — — — — — — — — — 954
462. Заклучоци на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ — — — — — — 954
463. Правилник за југословенските стандарди за чисти хемикалии — — — — — — — — — — — — 956
464. Правилник за југословенските стандарди за челици — — — — — — — — — — — — — — — — 956
465. Правилник за југословенските стандарди за заварување и сродни постапки — — — — — — — 956
466. Правилник за југословенскиот стандард за фурнирски плочи — — — — — — — — — — — 957
467. Правилник за југословенските стандарди за бавногорлив детонаторски фитил — — — — — 957
468. Правилник за југословенскиот стандард за истражување на својствата на анализатори на спектри — — — — — — — — — — — — — — — — 957
469. Правилник за југословенскиот стандард за нисконапонски расклопни апарати — — — — — 958
470. Правилник за југословенскиот стандард за напонски трансформатори — — — — — — — — 958

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТА СО УСТАВОТ НА СФРЈ И НА СПРОТИВНОСТА СО СОЈУЗНИОТ ЗАКОН НА ОДРЕДБАТА НА ЧЛЕН 35 ОД ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

1. Уставниот суд на Југославија, по повод иницијативата на Миларем Јагањац, со решение број У-88/84 од 9 октомври 1985 година поведе постапка за оценување на согласноста со член 168 од Уставот на СФРЈ и на спротивноста со чл. 11 и 15 од Законот од облигационите односи на одредбата на член 35 од Законот за радиодифузната дејност („Службени лист СР БиХ", бр. 3/74 и 17/75), оценувајќи дека основано може да се постави прашањето дали уставното право на информирање на граѓанинот може да се претвори во негова обврска да плаќа надомест за користење на радиодифузните приемници против негова волја.

2. Со член 35 од Законот за радиодифузната дејност е предвидено корисникот да може да го одјави радиодифузниот приемник трајно или привремено, и тоа: трајно – во случај на неговото уништување, трајна неупотребливост и отуѓување, привремено – на време од три месеца во една календарска година, со наведување на причините, а подолго – кога корисникот престојува со семејството во друго место, кога корисникот самец заминува на отслужување воен рок, на лекување, во дом на стари и во слични установи, на издржување казна, како и во случај на жалост во семејството. Времето на одјавата во тие случаи трае додека траат и наведените причини.

Врз основа на оваа законска одредба и со цел за нејзино спроведување, републичкиот секретар за информации, во спогодба со републичкиот секретар за финансии донесе Правилник за начинот на пријавување, одјавување и печатење на радиодифузните приемници, за начинот на водење евиденција за приемниците и корисниците на приемници и за начинот на прибирање и плаќање надомест за користење на радиодифузните приемници („Службени лист СР БиХ", бр. 34/75), кој во одредбите на чл. 19 до 33 детаљно ја уредува постапката за трајно или привремено одјавување на приемниците и определува докази што граѓанинот мора да ги даде заради одјавување на приемникот, а кои подносителот на иницијативата ги оспорил.

3. Правото на граѓанинот, преку печатот, радиото и телевизијата и другите средства за јавно информирање, да биде известен за настаните во земјата и во светот кои се од интерес за неговиот живот и работа, како и за прашањата од интерес за заедницата, а гарантирано со член 168 од Уставот на СФРЈ. Ова право поблиску е уредено со законите на републиките и автономните покраини кои го уредуваат системот на информирањето односно системот на радиодифузната дејност.

Специфичноста на користењето на радиодифузните приемници како средства за информирање, за разлика од печатот и другите средства за информирање, се состои од двојноста на правните односи што се установуваат во оваа област. На прво место, граѓанинот купува средство за радиодифузно информирање, т. е. радиодифузен приемник, со што засновува врз приемникот право на сопственост, кое на граѓанинот му е загарантирано со член 78 од Уставот на СФРЈ и во чие вршење никој нема право да го вознемирува, ниту тоа право да му го ограничува или со нешто условува. Меѓутоа, кога граѓанинот ќе го вклучи својот приемник на радиодифузната мрежа, влегува во облигационен однос со организацијата која емитува радиодифузна програма и, по тој основ, стекнува право на користење на таа програма, со обврска за плаќање на надомест. Бидејќи тука станува збор за двостран товарен облигационен однос, секоја страна во тој однос, по принципот на рамноправност на учесниците во односот и по принципот на еднаква вредност на давањето (чл. 11 и 15 од Законот за облигационите односи), има право со еднострана изјава на волјата да го раскине овој облигационен однос, по намирувањето на втасаните обврски од тој однос. Доследно на тоа, и корисникот на радиодифузната програма има право да го откаже натамошното користење на таа програма, со тоа што на организацијата која ја емитува програмата и е дадено законско право, преку печатење на приемникот, да се обезбеди од бесплатно користење на нејзината програма. Со тоа меѓу корисникот и давателот на информациите се раскинува облигационот однос, но тоа воопшто не влијае врз стварноправниот однос што го има сопственикот на средството за информирање, па во таа смисла сопственикот е слободен да одлучи како ќе постапува понатаму со приемникот што е исклучен од радиодифузната мрежа.

Тргнувајќи од сето изложено, сопственикот на радиодифузниот приемник, по основ на правото на сопственост, има право самостојно да одлучува за неговото користење или некористење. Според тоа, оспорената одредба која волјата на сопственикот на радиодифузниот приемник да престане со неговото користење ја условува со посебни обврски да ги докажува причините за откажување на користењето на приемникот, по оцена на Уставниот суд на Југославија, не е согласна со наведените уставни и законски прописи.

Согласно со изложеното, Уставниот суд на Југославија оцени дека одредбата на член 35 од Законот за радиодифузната дејност не е согласна со одредбите на чл. 78 и 168 од Уставот на СФРЈ и дека е спротивна на одредбите од чл. 11 и 15 на Законот за облигационите односи.

4. Уставниот суд на Југославија, на седницата од 23 април 1986 година, врз основа на член 374 од Уставот на СФРЈ и член 42 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, едногласно донесе

Одлука

Одредбата на член 35 од Законот за радиодифузната дејност не е во согласност со член 168 од Уставот на СФРЈ и е спротивна на чл. 11 и 15 од Законот за облигационите односи.

Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина е должно во рок од 6 месеци од денот на доставувањето на оваа одлука да ја усогласи наведената законска одредба со Уставот на СФРЈ и сојузниот закон.

Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во следниот состав: претседател на Судот д-р Јосиф Трајковиќ, членови на Судот: д-р Васил Гривчев, д-р Александар Фира, д-р Стана Гукиќ-Делевиќ, Мустафа Сефо, Душан Штрбац, Јаким Спировски, Радко Мочивник и Милосав Стијовиќ.

Бр. У-88/84
23 април 1986 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
д-р **Јосиф Трајковиќ** с. р.

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ЧЛЕН 27 СТАВ 1 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД „ОСНОВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА", ВО СРЕМСКА МИТРОВИЦА, ОД 11 ФЕВРУАРИ 1983 ГОДИНА

1. Основниот суд на здруженото труд во Сремска Митровица поведе постапка за оценување на уставноста на член 27 став 1 од Правилникот за образование и усовршување на работниците на Основната организација на здружен труд „Основна здравствена заштита во Сремска Митровица, од 11 февруари 1985 година. Во предлогот се истакнува дека оспорената одредба е несогласна со Уставот на СФРЈ, бидејќи работниците се доведуваат во нерамноправна положба во остварувањето на уставното право на минат труд при упатувањето на специјализација.

2. Со оспорената одредба е утврдено дека при изборот на работник кој се упатува на специјализација предност има работник-лекар кој најдолго работел во работната единица за која се распишува интерен конкурс од дејноста на таа работна единица.

3. Основната организација на здружен труд, во одговорот на предлогот и на јавната расправа, наведе дека работниците, при донесувањето на оспорената одредба, оцениј дека е најцелесообразно за организацијата, кога пове-

ќе кандидати ги исполнуваат бараните услови, да му се даде предност на оној кандидат кој најдолго работел на средствата за кои се и врши специјализација.

4. Врз основа на член 14 од Уставот на СФРЈ самоуправно е правото на работниците во здружениот труд самостојно и непосредно да ги уредуваат меѓусебните односи во здружениот труд и, во рамките на тоа, со свој самоуправен општ акт да ги уредуваат основите и мерилата за утврдување на редот на првенство и упатување на специјализација. Меѓутоа, врз основа член 206 од Уставот на СФРЈ, работниците можат да ги уредуваат меѓусебните односи во здружениот труд само во согласност со Уставот на СФРЈ.

Со давањето предност на работниците-кандитати на конкурсот, за кои само се констатира дека подлого работеле во организацијата на здружен труд односно во работната единица за која е распишан конкурс, без оглед на неговата работа и резултатите на трудот, во остварувањето на право на специјализација се доведуваат во нерамноправна положба работниците - кандидати што остариле работен стаж во други здравствени организации на здружен труд и ги исполниле утврдените услови. Со оспорената одредба се доведува и до затворање на организациите на здружен труд и групно-сопственичко однесување, а со самото тоа и до оневозможување подвижност на работната сила и стручните искуства на територијата на СФРЈ што не е согласно со член 252 од Уставот на СФРЈ за основите на единствениот југословенски пазар.

Уставниот суд на Југославија, врз основа член 375 од Уставот на СФРЈ и член 36 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, по одржаната јавна расправа, на седницата одржана на 6 март 1986 година, со мнозинство на гласови, донесе

Одлука

1. Се укинува одредбата на член 27 став 1 од Правилникот за образование и усовршување на работниците на Основната организација на здружен труд „Основна здравствена заштита" во Сремска Митровица од 11 февруари 1983 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен лист на СФРЈ", на начин на кој е објавен самоуправниот акт за кој одлучуваше Судот.

Оваа одлука Судот ја донесе во состав: претседател на Судот д-р Јосиф Трајковиќ и членови на Судот: д-р Васил Гривчев, Божидар Булатовиќ, д-р Александар Фира, Мустафа Сефо, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Душан Штрбац, Иван Франко, Јаким Спировски, Славко Кухар, Радко Мочивник, Милосав Стијовиќ и Рамадан Враниќи.

У бр. 195/84
6 март 1986 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
д-р **Јосиф Трајковиќ**, с. р.

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ТОЧКА 9 ОД ЧЛЕН 36 НА ЗАКОНОТ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ

1. Здружението на ликовните уметници на применети уметности на Хратска, Хрватското друштво на ликовни уметници, Сојузот на хрватските друштва на ликовни уметници, Заедницата на уметниците на Хрватска, Друштвото на дизајнери на Хрватска, Друштвото на наивни ликовни уметници на Хрватска и работната организација „Југословенска авторска агенција", ООЗТ - „Авторска агенција" за СР Хрватска, со предлог поведоа постапка за оценување на уставноста на точка 9 од член 36 на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83, 6/83, 71/84), бидејќи сметаат дека не е согласно со Уставот што со оспорените одредби не е предвидено дека оригинални уметнички дела се и копии те на тие дела за кои се плаќаат авотрски хонорари, па затоа овие дела не се ослободени од плаќање данок на промет. Покрај изнесеното, предлагачите наведуваат дека уметниците се доведуваат во нееднаква положба, бидејќи кога уметнички дела се продаваат преку корисници на општествени средства по пат на аукција, преку специјализирани галерии и изложби, тогаш не се плаќа данок на промет, а кога се продаваат преку обични продавници и стоковни куќи тогаш овој данок се плаќа.

2. Во точка 9 на член 36 од оспорениот закон е пропишано дека основен данок на промет на производи не се плаќа на промет на оригинални уметнички дела од областа на сликарството, вајарството, архитектурата, графиката и другите ликовни дејности и уникати, на дела на применета уметност и индустриско обликување од член 3 став 2 алинеи 7 и 8 на Законот з авторското право („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/78), според кој на авторот според посебен договор му се плаќа авторски хонорар, ако тие дела корисникот на општествени средства чија дејност е јавно излагање ги продава од име и за сметка на авторот преку своите уметнички здруженија, специјализирани галерии и изложби, како и со аукција, под услов да имаат сертификат од соодветното уметничко здружение дека се во прашање дела од оваа точка.

3. Во одговорот на Собранието на СФРЈ на предлог од овластените предлагачи, се наведува дека уметничките дела, како дела на човечкиот труд, имаат каратер на производ, а предмет е на конкретната домашна политика дали тие во прометот ќе се оданочуваат или не. Со оспорените одредби е воведено условно даночно ослободување на промет на оригинални уметнички дела, при што се пропишани условите што треба да бидат исполнети во прометот на овие дела за да биде тој промет ослободен од данок на промет на производи.

4. Претставниците на овластените предлагачи на јавната расправа во образложението на предлогот за поведување постапка особено го истакнаа како услов за даночно ослободување прашањето за атестите, што на уметниците им ги издаваат здруженијата, а со кој се потврдува дека некое дело е уметничко. Сметаат дека на овој начин се ограничуваат уметничките слободи.

Претставникот на Собранието на СФРЈ, на јавната расправа изнесе дека со оспорените одредби даночното ослободување го штити и уметникот што продава дело и купувачите на уметнички дела.

5. Уставот на СФРЈ, во член 264 став 2 утврдува дека со сојузен закон се установуваат видовите приходи што се остваруваат со оданочување на производи и услуги, што се во промет на целата територрија на СФРЈ, и се утврдуваат начинот и височината на тоа оданочување, освен за производи и услуги за кои начинот и височината на оданочувањето, врз основа на сојузен закон, ги утврдуваат други општествено-политички заедници.

Во член 4 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот е пропишано дека данок на промет може да се воведе на промет на производи што служат за крајна потрошувачка и надомест за вршење на определени услуги и работи, а во член 5 е пропишано дека под промет на производи што служат за крајна потрошувачка се подразбира продажба на производи, нови или употребливи, непосредно на крајниот потрошувач, ако со тој закон не е определено поинаку.

Според оцената на Уставниот суд на Југославија кога се врши продажба непосредно на краен потрошувач на уметнички дела од областа на сликарството, вајарството, архитектурата, графиката и другите ликовни дејности и уникати, на дела на применета уметност и со индустриско обликување, тогаш на овие дела согласно со член 4 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот може да се воведе данок на промет, а предмет на даночната политика е дали под кои услови за овие дела ќе се пропише даночно ослободување.

6. Врз основа на став 1 од точка 1 на член 375 од Уставот на СФРЈ и член 31 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 9 април 1986 година, по одржаната јавна расправа донесе,

Одлука

Се одбива предлогот на Здружението на ликовните уметници на применети уметности на Хрватска, Хрват-

оѓа на куќиштето на мерилото и мораат да ги содржат следните податоците:

1) фирмата односно називот или знакот на производителот;

2) серискиот број и годината на производството;

3) ознака на типот на мерилото;

4) службената ознака на типот на мерилото, ако е извршено испитување на типот;

5) вредноста на константата „к";

6) наклонот на скалата.

Ако натписите и ознаките се наоѓаат на таблицата прицврстени на куќиштето на мерното, таблиците мораат да бидат изработени така што на нив да се наоѓаат места за втиснувањето на жигови.

Член 45

Картичката мора да ги содржи следните податоци:

1) фирмата, односно називот или знакот на производителот;

2) службената ознака на типот на мерилото, ако е извршено испитување на типот;

3) горната граница на опсегот на мерењето на линеарната брзина на возилото во km/h.

Член 46

На скалата на мерилото мораат да бидат нанесени следните ознаки:

1) km – кај бројникот на далномерот;

2) km/h – на скалата на брзиномерот;

3) V_{min} – на скалата на брзиномерот;

4) V_{max} – на скалата на брзиномерот.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Мерилата, што не ги исполнуваат метролошките услови пропишани со овој правилник, а се произведени пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе се прегледаат ако ги исполнуваат условите од член 11 на овој правилник, до 31 декември 1990 година.

Член 48

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за метролошките услови за брзиномери, механички далномери и хронотахографи („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/82).

Член 49

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0404-143/1
16 јануари 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за мери и скапоцени метали,
Милисав Вујчиќ, с.р.

479.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА СИНУСНИ ЛИНИЈАРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат синусните линијари долги до 500 mm, што служат за мерење на агол во рамнина, во опсег од 0^0 до 45^0.

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS. W-6/1.

Член 2

Синусниот линијар е мерило за агол во рамнина (цртеж бр. 1 и 2) заснована врз примена на тригонометрискиот образец $E = L \cdot \sin \alpha$ и саставено од крут линијар со определена должина, чифт потпирни валјаци и слог на планпаралелни гранични мерила за должина, поставени на соодветна рамна подлога.

Член 3

Синусниот линијар е наменат за мерење на аголот на надворешниот и внатрешниот конус, аголог на наклонот на конусните запченици аголог на наклонот на рамните површини на разни алати, шаблони и сл.

Синусниот линијар се користи на рамна подножна површина, со примена на стезни, шилци, показен уред со прецизен мерен сат, ножесто рамнало, лизгачи, потпирки и стеги како и во составот на специјални мерни прибори.

Член 4

Долунаведените изрази, во смила на овој правилник, го имаат следното значење:

1) номинална должина на синусниот линија (L) е меѓусебното растојание на оските на потпирните валјаци;

2) агол на наклонот на синусниот линијар (α) е аголог во рамнина меѓу мерната површина на синусаот линијар и подножната површина, мерен во рамнина вертиклна на таа површина и се добива според образецот: $\alpha = \arcsin E/L$ каде што е:

E – вредност на вкупната должина на слогот на употребените планпаралелни гранични мерила за должина;

L – вредност на номиналната должина на синусниот линијар;

3) отстапување на потпирниот валјак од формата е меѓусебната разлика на пречниците на потпирниот валјак и на два соосни валјаци, меѓу кои мораат да лежат сите точки на површината на обвивката на потпирниот валјак.

Член 5

Вредносите на најголемите дозволени грешки на геометриските мери на одделни делови на синусен линијар со определена номинална должина, се дадени во следната табела:

L	R_L	d	R_d	D_d	P_i	O_d	P_p	P_o	U
mm	μm	mm	μm		μm				
100	±2	20			1				
200	±4	20			2				
300	±6	30	±2	1	3	1	1 μm	5 μm	1 μm
400	±8	30			4		100 mm	10 mm	10 mm
500	±10	35			5				

Ознаките во табелата се:
L – номинална должина на синусниот линијар
d – пречник на потпирниот валјак
R_l – отстапувања на меѓусебното растојание на оските на потпирните валјаци
R_d – отстапувања на номиналниот пречник на потпирниот валјак
D_d – отстапувања на меѓусебната разлика на пречниците на потпирните влајци
P_l – отстапувања на меѓусебната паралелоност на изводниците, на потпирните валјаци
O_d – отстапувања на потпирните валјаци од формата
P_p – отстапувања на мерната површина од паралелноста со подножната површина, на кое и да е место
P_o – отстапувања на челната површина од паралелноста со оската на потпирниот валјак
U – отстапувања на челната површина и на бочните површини од вертикалноста на една спрема друга, како и во однос на мерната површина

Член 6

Мерните површини на синусниот линијар и површините на обвивката на потпирните валјаци не смеат да имаат средна длабочина на рапавоста поголема од R_z = 0,63 μm. Бочните површини и челните површини не смеат да имаат средна длабочина на рапавоста поголема од R_z = 2,5 μm.

Член 7

Сите надворешни и внатрешни рабови на синусност линијар мораат да бидат заоблени до вредност од 0,1 mm.

Член 8

Синусниот линијар мора да биде изработен од квалитетен алатен челик и мора да има површинска тврдост од најмалку 760 HV (околу 62 HRC).

Член 9

Границите на дозволените грешки се определени при температура од 20°C.

Член 10

Синусниот линијар мора да биде така конструиран што при мерењето обезбедува соодветна врска меѓу телото на синусниот линијар и потпирните влјаци.

Член 11

Синусниот линирај мора да има еден или повеќе граничници и мора да има, а на челната страна и на бочните страни, – симетрично распоредени навојни дупки за прицврстување на тие граничници.

Налегнувачките површини на граничниците мораат да ги исполнуваат условите пропишани во член 5 од овој правилник за челните и бочните површини на синусниот линијар.

Член 12

Натписите и ознаките на синусниот линијар мораат да бидат напишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Натписите и ознаките на синусниот линијар мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и напишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 13

На синусниот линијар мораат да бидат напишани:
1) фирмата односно називот или знакот на производителот;
2) номиналната должина на синусниот линијар;
3) службената ознака на типот на синусниот линијар, ако е извршено испитување на типот.

Член 14

На синусниот линијар можат да бидат напишани: ознака за земјата на производителот, стандардот на земјата на производителот, ширината на синусниот линијар, типот на мерилото, годината на производството и сл., како и каталошки, сериски и други броеви.

Член 15

Цртежите бр. 1 и 2 од член 2 на овој правилник се отпечатени кон овој правилник и претставуваат негов составен дел.

Член 16

Синусните линијари што се наоѓаат во употреба, а кои во поглед на натписите и ознаките не ги исполнуваат условите пропишани со овој правилник, ќе се примаат на преглед до 31 декември 1989 година.

Член 17

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0404-4195/1
2 декември 1985 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
Милисав Воичиќ, с. р.



Цртеж бр. 1 Синусен линијар (форми I и II)
1 – Тело на синусниот линијар
2 – Потпирни валјаци
3 – Мерна површина
4 – Потпирна површина
5 – Челна површина
6 – Бочна површина
7 – Граничник
8 – Налегнувачка површина
9 – Навојни дупки
10 – Отвори за прицврстување



Цртеж бр. 2 – Принцип на работата на синусниот линијар
1 – Подножна површина
2 – Слог на планпаралелните гранични мерила
3 – Мерна површина на синусниот линијар

Кога военото инвалид од I до IV група, кому му е признато правото на додаток за нега и помош од страна на друго лице, патува заради остварување односно користење на правата според овој закон, има право на надомест за исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во другото место за лицето кое за време на патувањето му дава нега и помош.

Военото инвалид кому му е определен придружник за време на патувањето заради користење на бањско и климатско лекување има право на надомест за исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во другото место и за придружникот, во заминувањето и враќањето.

Кога деца – корисници на семејна инвалиднина до наполнета 15 година патуваат во друго место поради тоа што надлежниот орган ги упатил односно ги повикал заради остварување на правата според овој закон, имаат право на надомест за исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во другото место за придружникот.

Член 72

Военото инвалид кому му е признаено правото на додаток за нега и помош од страна на друго лице и военото инвалид кому не му е признаено тоа право, а чијашто вкупна здравствена состојба, според мислењето на лекарската комисија, е таква што му е неопходна постојана нега и помош од страна на друго лице и чијашто вкупна неспособност е еднаква на неспособноста на военото инвалид од I група, има право на надомест на трошоците за исхрана и сместување за лицето кое му дава нега и помош за време на бањско и климатско лекување во специјализирана здравствена организација на здружен труд во која во лекувањето се применува и природниот фактор односно во здравствената организација на здружен труд во која лекувањето се извршува главно со природен фактор, ако таа организација не обезбедува нега и помош од страна на друго лице.

13. Посебни одредби

Член 73

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди донесува прописи: за медицинските индикации за распоредување на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице и групата на военото инвалидитет; за оштетувањата на организмот врз основа на кои военото инвалид има право на ортопетски додаток и за распоредувањето на тие оштетувања во степени; за индикациите и контраиндикациите за бањско и климатско лекување на воените инвалиди, за траењето на тоа лекувања, за условите, постапката и начинот на остварувањето на тоа право; за начинот на остварување и користење на правото на бесплатно и повластено возење, на надомест на трошоците за превоз и на надомест на трошоците за превоз на посмртните останки на воените инвалиди; за оштетувања на организмот врз основа на кои военото инвалид има право на моторно возило и за видот на моторното возило; за височината и условите на користење на надоместот за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место.

Сојузниот орган на управата надлежен за прашање на борците и на воените инвалиди, по прибавено мислење од сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, го пропишува начинот на исплата на инвалиднината, додатокот за нега и помош од страна на друго лице, ортопедскиот додаток и другите парични примања според овој закон, начинот на водење евиденција за извршените исплати и доставувања на извештаи за потрошените средства според овој закон, како и прекршоците за повреда на тие прописи.

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди може да пропише специјални помагала за воените инвалиди кај кои постои губење на видот на обете очи.

Член 74

Инвалиднината и ортопедскиот додаток можат да бидат предмет на извршување или обезбедување:

1) до половината – за обврски на законското издржување;

2) до третината – за други обврски.

Глава VII

КОРИСТЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ПРАВО

Член 75

Својството на воен инвалид може да се стекне само врз основа на оштетување на организмот што настанало поради рана, повреда или озледа здобиена под околностите од чл. 5, 6, 8, 11 и 13 на овој закон која оставила видни траги.

Под видни траги, во смисла на став 1 од овој член, се подразбираат јасно видливи траги на површината на телото и видливи оштетувања на внатрешните органи утврдени со соодветни дијагностички методи.

Член 76

Военото инвалид – странец може да користи право на лична инвалиднина, додаток за нега и помош од страна на друго лице, ортопедски додаток и постојан инвалидски додаток под услов, по основа на оштетувањето на организмот по кое му е признато тоа својство, да не остварува парични примања од странска држава.

Странецот што ги исполнува условите пропишани со овој закон за признавање на правото на семејна инвалиднина, зголемена семејна инвалиднана и постојан инвалидски додаток може да ги користи тие права под услов по истата основа да не остварува парични примања од странска држава.

Член 77

Военото инвалид има право на инвалиднина, додаток за нега и помош од страна на друго лице, ортопедски додаток и постојан инвалидски додаток од првиот ден на наредниот месец по денот на исполнувањето на условите пропишани со овој закона за признавање на тие права, ако барањето го поднел во рок од три месеци од денот на исполнувањето на условите, односно од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето, ако барањето го поднел по истекот на тој рок.

Членот на семејството на паднат борец, членот на семејството на лице кое загинало или умрело од последици на рана, повреда, озледа или болест здобиена под околностите од чл. 11 до 13 на овој закон и членот на семејство на воен инвалид од I до VII група има право на семејна инвалиднина, зголемена семејна инвалиднина и постојан инвалидски додаток од првиот ден на наредниот месец по денот на исполнувањето на условите, односно од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето, ако барањето го поднел по истекот на тој рок.

Како ден на исполнувањето на условите за остварување на правата по основа на болест здобиена под околностите од член 12 на овој закон се смета денот на отпуштањето од вооружените сили.

Право на здравствената заштита, бањско и климатско лекување, бесплатно и повластено возење, надомест за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место и право на патничко моторно возило може да се користи само тогаш кога решението за признавање на право на инвалиднина ќе стане конечно.

Военото инвалид користи здравствена заштита според овој закон и за време од три месеци од денот на престанувањето на својството на воен инвалид. Военото инвалид на кој военото инвалидитет му е утврден привремено користи здравствена заштита според овој закон и за време од три месеци по истекот на последниот ден на периодот за кој военото инвалидитет е утврден привремено.

Членот на семејството на военото инвалид кој остварил право на здравствена заштита според овој закон користи здравствена заштита и за време од три месеци од денот на престанувањето на својството на воен инвалид, односно од денот на смртта на военото инвалид.

Член 78

Ако мирновременски воен инвалид за исто оштетување на организмот стекне право на паричен надомест за телесно оштетување или инвалидска пензија според пропи-

сите за пензиско и инвалидско осигурување, по сопствен избор може да го користи правото на лична инвалиднина, додаток за нега и помош од страна на друго лице и ортопедски додаток според овој закон, или правото на паричен надомест за телесно оштетување односно на инвалидска пензија според прописите за пензиско и инвалидско осигурување.

Мирновременски воен инвалид што ќе го избере и користи правото на паричен надомест за телесно оштетување или инвалидска пензија спроед прописите за пензиско и инвалидско осигурување, може да ги оствари другите права според овој закон, освен правото на лична инвалиднина, додаток за нега и помош од страна на друго лице и ортопедски додаток.

Член 79

Ако воен инвалид од војните за исто оштетување на организмот стекне право на паричен надомест за телесно оштетување според прописите за пензиско и инвалидско осигурување, може по сопствениот избор да го користи правото на лична инвалиднина според овој закон или правото на паричен надомест за телесно оштетување според прописите за пензиско и инвалидско осигурување.

Член 80

Воен инвалид кој според овој закон има право на додаток за нега и помош од страна на друго лице и ги исполнува условите за остварување на правото на овој додаток или друго слично право по иста или друга основа според други прописи, може по сопствениот избор да го користи правото на тој додаток само според овој закон или според друг пропис.

Член 81

Ако мирновременски воен инвалид стекне право на паричен надомест за телесно оштетување или инвалидска пензија според прописите за пензиско и инвалидско осигурување врз основа на ново оштетување на организмот врз кое не влијаел неговиот поранешен воен инвалидитет, и натаму ќе ги користи правата според овој закон.

Ако мирновременски воен инвалид стекне право на инвалидска пензија според прописите за пензиско и инвалидско осигурување врз основа на ново оштетување на организмот врз кое влијаел неговиот поранешен воен инвалидитет, и понатаму ќе ги користи правата според овој закон, во следните случаи:

1) ако новото оштетување на организмот настанало како последица од повреда на работа или како последица од професионално заболување во смисла на прописите за пензиско и инвалидско осигурување;

2) ако новото оштетување на организмот настанало како последица од болест или повреда надвор од работата, под услов да поминал, како мирновременски воен инвалид, до настапувањето на новото оштетување на организмот, најмалку пет години во работен однос со полно работно време.

Мирновременскиот воен инвалид кој не ги исполнува условите од став 2 на овој член, додека го користи правото на инвалидска пензија, не може според овој закон да го оствари правото на лична инвалиднина, додаток за нега и помош од страна на друго лице и ортопедски додаток.

Член 82

Одредбите од член 78, 79 и 81 на овој закон ќе се применуваат и тогаш кога корисникот на паричен надомест за телесно оштетување или на инвалидска пензија според прописите за пензиско и инвалидско осигурување подоцна ќе стекне својство на воен инвалид според овој закон.

Член 83

Одредбите од чл. 78, 81 и 82 на овој закон ќе се применуваат и во однос на правото на семејна инвалиднина на членовите на потесното семејство и на родителите на лицата наведени во тие членови, по нивната смрт.

Членовите на потесното семејство односно родителите од став 1 на овој член, што го користат правото на семејна пензија, според прописите за пензиско и инвалидско осигурување, не можат да ги користат ни другите права според овој закон.

Член 84

Воените инвалиди и корисниците на семејна инвалиднина кои користат права според овој закон се должни да ја пријават кај надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина промената што влијае врз користењето и престанокот на тие права.

Член 85

Правата според овој закон можат да се користат додека постојат условите за користење на тие права, пропишани со овој закон.

Член 86

Правата според овој закон не можат да се пренесат врз друго лице.

Член 87

Личната, семејната и зголемената семејна инвалиднина, додатокот за нега и помош од страна на друго лице, ортопедскиот додаток и постојаниот инвалидски додаток се исплатуваат во месечни износи, и тоа однапред.

Член 88

Правата според овој закон што се стекнуваат по основа на рана, повреда или озледа не застаруваат.

Во поглед на застареноста на паричните примања според овој закон што втасуваат месечно се применуваат одредбите на сојузниот закон со кој се уредува застареноста на побарувањата.

Еднократните парични примања според овој закон застаруваат за две години.

Член 89

Правото на семејна инвалиднина и другите права според овој закон му престануваат на барачниот другар со стапувањето во брак, освен ако тие права ги стекнал по основа на неспособност за стопанисување – на вдовица пред наполнети 45 години возраст односно на вдовец пред наполнети 60 години возраст.

Правото на семејна инвалиднина и другите права според овој закон му престануваат на брачниот другар кој не ги врши родителските должности спрема децата со кои ја користи семејната инвалиднина. Ако родителот го продолжи вршењето на родителската должност, може да продолжи да ги користи тие права за време додека децата користат семејна инвалиднина.

На корисникот на семејна инвалиднина кој правото на семејна инвалиднина го стекнал по основа на неспособност за стопанисување му престанува правото на семејна инвалиднина и другите права според овој закон со денот на заснованьето работен однос, освен ако ги исполнува условите во поглед на годините на возраста за остварување на првото на семејна инвалиднина во смисла на член 33 став 1 точка 1 од овој закон.

Член 90

Правата според овој закон ги губат воените инвалиди и членовите на семејството на паднат борец и на воен инвалид, ако се осудени со правосилна судска пресуда поради делата предвидени во член 31 став 1 точка 3 од овој закон.

Правата според овој закон ги губат и членовите на семејството на воен инвалид кој го изгубил правото според овој закон поради делата предвидени во член 31 став 1 точка 3 од овој закон.

Воениот инвалид односно членот на семејството на паднат борец и на воен инвалид на кого со амнестија или со помилување му се укинати правните последици на осудата, може да ги оствари правата според овој закон најрано од првиот ден на наредниот месец по донесувањето на актот за амнестија или помилување.

Член 91

Воените инвалиди и корисниците на семејна инвалиднина што се осудени со правосилна судска пресуда на казната затвор подолго од шест месеци за кривични дела против основите на социјалистичкото самоуправно општествено уредување и безбедноста на Социјалистичка

б) не смее да отстапува за повеќе од 0,005 ($t_2 - t_1$) од своето стабилизирано покажување при температурата t_2.

Стабилизирано покажување е покажување на термометарот на температура t_1 откако ќе достигне наполна термичка рамнотежа со водената бања на температура t_2.

Член 6

Термометрите можат да бидат: стапни и термометри со стаклена заштитна обвивка.

Член 7

На стапниот термометар скалата мора да биде обележена на капиларната цевка.

Член 8

Кај термометарот со стаклена заштитна обвивка скалата мора да биде обележена на плочката која е цврсто поставена непосредно зад капиларната цевка и која заедно со неа се наоѓа во стаклената заштитна обвивка.

Член 9

Термометарот мора да биде изработен така што да служи за покажување на максималната температура односно капиларната цевка над резервоарот на термометарот мора да биде стеснета за да не се враќа живата која се наоѓа во неа во резервоарот на термометарот при ладењето на термометарот.

Член 10

Капиларната цевка мора да овозможи лесно уочување на живата и менискусот на живата по целата нејзина должина. Живиниот конец и скалата на термометарот треба да бидат истовремено добро видливи.

Член 11

Живиниот конец мора да се движи рамномерно низ капиларната цевка без поголеми скокови, за време на бавно греење на термометарот. Конецот треба да се врати под најнискиот број на означениот поделок, ако се дејствува со забрзување од 600 m/s^2 во нивото на дното на резервоарот, откако резервоарот бил загреан до најмалку + 37,0 °C, а потоа разладен до температурата која е пониска од температурата на најнискиот број на означениот поделок.

Член 12

Плочката со скала на термометарот со стаклена заштитна обвивка мора да биде зацврстена одвоено од капиларната цевка на така што да е неможно заемно поместување на плочката и обвивката.

Положбата на плочката со скалата во однос на капиларната цевка мора да биде означена со неизбришлив знак или со цртичка на стаклената заштитна обвивка на нивото со бројот на означениот поделок + 38,0 °C, така што евентуалното поместување на плочката со скалата да може лесно да се забележи.

Член 13

Должината на најмалиот поделок мора да изнесува најмалку 0,5 mm за стапните термометри и најмалку 0,6 mm за термометрите со стаклена заштитна обвивка.

Член 14

Поделбата на скалата мора да биде рамномерна и чиста, вгравирана или отпечатена јасно и неизбришливо.

Цртите на поделоците мораат да бидат нормални на оската на термометарот, нивната дебелина не сме да биде поголема од 1/3 од должината на поделокот за термометрите со стаклена заштитна обвивка и 1/4 од должината на поделокот за стапните термометри, а цртите на поделоците што ги означуваат полустепените и степените мораат да бидат подолги од соседните црти на поделоците.

Член 15

Цртите на поделоците што означуваат цели степени морат да бидат обележени со броеви, вгравирани или отпечатени така што да бидат неизбришливи.

Член 16

Цртата на поделокот која ѝ одговара на температурата од + 37,0 °C може посебно да се назначи со број во друга боја или со додатна ознака (на пример со точка, ѕвездичка или стреличка или со некој друг знак).

На стапниот термометар цртата на поделокот + 37,0 °C не мора да биде обележена со број и може да биде заменета со ознаката од став 1 на овој член.

Член 17

За изработка на резервоар на термометарот и за изработка на термометарот на капиларната цевка може да се употреби само стакло кај кое масата на алкалиите во соединението за 1 грам стакло не е поголема од 263,5 микрограми Na_2O.

Член 18

Живата мора да биде доволно чиста и сува, без гасови или други туѓи тела и флуиди, за да се обезбеди нормално функционирање на термометарот.

Член 19

Плочката на која е обележена скалата на термометарот со стаклена заштитна обвивка мора да биде од опал-стакло, метал или материјал со слична стабилност.

Член 20

На капиларната цевка на стапниот термометар или на обвивката на термометарот со обвивка мора да биде предвидено место за втиснување на жиг.

Член 21

Натписите и ознаките кај термометрите мораат да бидат испишани на еден од јазиците и писмата на народите односно на народностите на Југославија.

Натписите и ознаките мораат да бидат јасни, добро видливи во еднакви услови и испишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 22

На плочката со стакло кај термометрите со стаклена заштитна обвивка и на капиларата на стапниот термометар мораат да се наоѓаат следните натписи и ознаки:

1) „ветеринарски термометар";

2) фирма односно назив или знак на производителот;

3) ознака на „°C";

4) ознака за стаклото што е употребено за изработка на резервоарот на термометарот, ако производителот на стаклото не го означил;

5) службена ознака на типот на термометарот, ако е извршено испитување на типот.

На термометрите можат да се наоѓаат и други натписи со тоа што да не го смеѓаваат корисникот во правилната употреба на термометарот.

Член 23

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Правилникот за метролошките услови за медицинските (хумани и ветеринарски) термометри („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/79).

Член 24

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0404-2983/1
30 септември 1965 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за мери и скапоцени метали,
Милисав Вончиќ, с. р.

478.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали, пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ДАЛНОМЕРИ, БРЗИНОМЕРИ И ХРОНОТАХОГРАФИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат далномерите (патомерите), брзиномерите и хронотахографите (во натамошниот текст: мерилата).

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS. B.3/2.

Член 2

Мерилата се вградуваат во автобуси, товарни возила чијашто најголема маса е поголема од 5 t, во локомотиви и влечни коли.

Член 3

Под далномер (патомер) во смисла на овој правилник, се подразбира мерило што ја покажува вредноста на должината на поминатиот пат на возилото, мерена врз основа на бројот на обртите и обемот на тркалата на возилото.

Член 4

Под брзиномер, во смисла на овој правилник, се подразбира мерило што ја покажува моменталната линеарна брзина на возилото, измерена врз основа на моменталниот агол на брзина и обемот на тркалата на возилото.

Член 5

Под хронотахограф, во смисла на овој правилник, се подразбира мерило што ја покажува и бележи, во определен интервал на време вредноста на должината на изминатиот пат и моменталната линеарна брзина на возилото.

Работата на хронотахографот се заснова врз принципите на работата на далномери и брзиномери.

Бележењето на вредноста на големините, што ја покажуваат далномерот и брзиномерот, се врши во определен интервал на време.

Член 6

Долунаведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) константа на далномерот или на хронотахографот („к"), е големината што ја определува информацијата (видот и бројот на сигналот) што мерилото мора да ја прими за да може точно да го покаже и забележи поминатиот пат од 1 km. Константата „к" се изразува во:

а) обрти по покажувачкиот километар (0/km), ако информацијата која се однесува на растојанието на поминатото возило се воведува во мерилото преку бројот на обртите на влезното вратило, или

б) импулси по покажувачкиот километар (imp/km), ако оваа информација се воведува преку електрични сигнали;

2) константата на брзиномерот „к" е големината што ја определува информацијата (видот и зачестеноста на сигналот), што брзиномерот мора да ја прими за да може точно да ја покаже брзината од 60 km/h. Константата на брзиномерот се изразува во:

а) обртите во минута (min^{-1}), ако информацијата која се однесува на аголната (линеарна) брзина се воведува во мерилата преку бројот на обртите во минута на влезното вратило, или

б) импулсите по покажувачкиот километар (imp/km), ако оваа информација се воведува во мерилото преку електрични импулси (сигнали). Константата на брзиномерот изразена со број е еднаква на константата на далномерот, ако погонот (погонскиот склоп) е заеднички за обете мерила;

3) коефициентот на возилото „W" е големината која ја покажува информацијата (видот и бројот на сигналите), што е наменета за работа на далномери и брзиномери (хронотахографи). Коефициентот „W" се изразува во исти единици како и константата „к" и е втиснат на посебен склоп на возилото, кој служи за приклучување на мерилото;

4) работната положба на мерилото е положбата определена со аголот меѓу рамнината на скалата и хоризонталната рамнина.

II. МЕТРОЛОШКИ СВОЈСТВА

Член 7

Мерните опсези на мерилото се определени со гранични вредности на линеарната брзина за поминатиот пат и интервалот на времето.

Член 8

Долната гранична вредност на линеарната брзина мора да биде помала или еднаква на 25 km/h.

Горната гранична вредност на линеарната брзина мора да биде поголема или еднаква на 90 km/h.

Член 9

Мерниот опсег на поминатиот пат е определен со бројот на целобројни места на покажувачот на вкупно поминатиот пат и не смее да биде помал од 99999 km.

Член 10

Мерниот опсег на изминатото време, е определено со вредноста на интервалот на времето кој може да се забележи на картичка на хронотахографот.

Најмалиот мерен опсег од став 1 на овој член е 24 h.

Мерниот опсег од став 2 на овој член може да биде и помал од 24 h, ако мерилата се вградуваат во возила за специјална намена.

Член 11

Границите на дозволените грешки (во натамошниот текст: (GDG) мерилата за покажаните и забележаните вредности, пред поставување во возилото се:

1) за изминатиот пат:

а) ± 10 m - за пат до 1 000 m;

б) ± 1% - за пат преку 1 000 m;

2) за линеарната брзина:

а) ± 3 km/h - за брзина до 100 km/h;

б) ± 3% - за брзина преку 100 km/h;

3) за интервалот на времето:

а) ± min за 24 h, или

б) ± 10 min за 7 дена;

в) ± 0,5% за интервал на времето, ако овој е пократок од 24 h.

Член 12

Најголемо дозволено отстапување на вредноста на константата „к" на мерилото од вредноста на коефициентот „W" не смее да биде поголемо од + 1%.

Член 13

GDG за покажаните и забележани вредности по поставувањето во возилото се:

1) за изминатиот пат:

а) ± 20 m - за пат до 1 000 m;

б) ± 2% - за пат преку 1 000 m;

2) за линеарната брзина:

а) ± 4 km/h - за брзина до 100 km/h;

б) ± 4% - за брзина преку 100 km/h;

3) за интервалот на времето:

а) ± 2 min - за 24 h или

б) ± 10 min - за 7 дена;

в) ± 0,5% за интервалот на времето, ако овој е пократок од 24 h.

Член 14

Ако во мерилото е вградена сигнализација за прекорачување на дозволената брзина на возилото, тогаш

Военото инвалид чиешто барање за утврдување на нов процент на военото инвалидитет е одбиено може повторно да поднесе барање за утврдување на нов процент на военото инвалидитет по истекот на две години од денот на донесувањето на решението со кое барањето е одбиено, а пред истекот на тој рок – во случај на оштетувања на организмот утврдени во согласност со став 2 на овој член.

Член 110

Одредбите на член 109 од овој закон се применуваат во постапка по барање за утврдување на процентот на военото инвалидитет што ќе го поднесе лице на кое му престанало својството на воен инвалид поради неисполнување на условите пропишани со законот за стекнување на тоа својство во поглед на процентот на военото инвалидитет или што ќе го поднесе лице од член 12 ст. 1 и 2 на овој закон на кое не му е признато својството на воен инвалид поради неисполнување на условите пропишани со закон за стекнување на тоа својство во поглед на процентот на военото инвалидитет, под услов тоа барање да е поднесено во рок од пет гоидни од денот на отпуштањето од вооружените сили.

Член 111

Постапката за решавање за правата според овој закон, окончана со решение против кое нема редовно правно средство во управна постапка, може да се обнови и по истекот на роковите предивдени за обнова на постпаката во сојузниот закон со кој се уредува општата управна постапка, освен кога станува збор за барања за признавање на својството на воен инвалид од војните врз основа на болест здобиена под околностите од член 5 точка 2, член 6 точка 1 и член 8 став 1 на овој закон.

Ако предлогот за обнова на постапката е поднесен во рок од пет години од денот на доставувањето на решението на странката, во постапката за обнова се применуваат прописите што важеле во време на донесувањето на решението, а ако предлогот е поднесен по истекот на тој рок, во постапката за обнова се применуваат прописите што важат во време на поднесувањето на предлогот за обнова на постапката.

Правата утврдени со решението донесено во постапката обновена по предлогот на странката припаѓаат од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесувањето на предлогот за обнова на постапката.

Фактите врз основа на кои се донесува решение во обновата на постапката покрената по службена должност се утврдуваат со сите докажни средства погодни за утврдување на состојбата.

Член 112

Ако ревизијата на решението од член 104 став 1 на овој закон не можела да се изврши во рокот од член 106 на овој закон, поради тоа што военото инвалид односно корисникот на семејна инвалиднина не пристапил на преглед кај лекарската комисија од член 101 на овој закон, лекарската комисија ги дава наодот и мислењето врз основа на постојната медицинска документација.

Наодот и мислењето на лекарската комисија од член 101 на овој закон можат да послужат како причина за обнова на постапката, ако не се употребени во постапката за ревизија поради тоа што се дадени по истекот на рокот за ревизија на решението, пропишан во член 106 на овој закон.

Член 113

Решението за правата според овој закон кое станало конечно во управна постапка, може да се укине според правото на надзор, ако со него е повреден законот во корист на поединецот, а на штета на општествената заедница, во рок од пет огдини од денот кога решението станало конечно во управна постапка.

Член 114

Во постапката за остварување на право според овој закон се применуваат одредбите на сојузниот закон со кој се уредува општата управна постапка, ако со овој закон не е определено поинаку.

Во остварувањето на правото според овој закон е допуштена жалба на првостепените одлуки донесени во управни спорови.

Член 115

Решенијата со кои е признато правото на инвалиднина, додаток за нега и помош од страна на друго лице, ортопедски додаток и други парични примања според овој закон, се извршуваат по службена должност.

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина ги извршува решенијата од став 1 на овој член и води евиденција за корисниците и за извршените исплати според овој закон.

За корисниците на правото со живеалиште во странство, решенијата од став 1 на овој член ги извршува и исплатата ја одобрува сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и воените инвалиди.

Член 116

Трошоците на постапката за остварување на правата според овој закон ги поднесува органот што ја води постапката.

Член 117

Во постапката за остварување на правата според овој закон не се плаќа таксата утврдена со сојузен пропис.

Член 118

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди донесува пропис за работата на лекарските комисии во постапката за остварување на правата според овој закон.

Се овластува сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди да ги определи органите месно надлежни за решавање за правата според овој закон по барањата на странците што имаат живеалиште во странство.

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди ги пропишува условите под кои може да се одобри исплатата на паричните примања според овој закон на лицата со живеалиште во странство.

Глава IX

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПРАВА

Член 119

Средства за остварување и користење на правата пропишани со овој закон се обезбедуваат во буџетот на федерацијата.

Средствата од став 1 на овој член се користат под условите и на начинот утврден со сојузен закон, ако со овој закон не е пропишано поинаку.

Член 120

За остварувањето и користењето на правото на здравствена заштита според овој закон обврска на федерацијата се сите трошоци за здравствена заштита на воените инвалиди и на лицата од член 52 на овој закон што на таа заштита не се осигурени според прописите во областа на здравството, а за воените инвалиди и за лицата од член 52 на овој закон што се осигурени на здравствена заштита според прописите во областа на здравството во помал обем од обемот пропишан во член 51 односно 52 на овој закон обврска на федерацијата се трошоците за оние форми на здравствената заштита што не се опфатени со прописите врз основа на кои се осигурени на здравствена заштита, а што се пропишани за работниците – осигуреници, односно за членовите на семејството на работникот – осигуреник на самоуправната интересна заедница на здравството на чиешто подрачје имаат живеалиште.

Средствата за остварување и користење на здравствена заштита на воените инвалиди и на корисниците на здравствена заштита според овој закон им се надоместуваат на самоуправните интересни заедници на здравството и на заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници.

Прописи за критериумите и за начинот на надоместување на средствата на заедниците од став 2 на овој член донесува Сојузниот извршен совет, по прибавено мислење од надлежните органи во републиката односно во автономната покраина и од Сојузот на заедниците за здравство и здравствено осигурување на Југославија.

Средствата наменети за остварување на правата на воените инвалиди на бањско и климатско лекување им се надоместуваат на органите во републиките односно во автономните покраини од член 62 на овој закон, според критериумите и мерилата што ги утврдува сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди, по прибавено мислење од сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите.

Член 121

Височината на средствата што на самоуправната интересна заедница за здравство ѝ се обезбедуваат за здравствена заштита и за паричен надомест во врска со остварувањето на здравствената заштита според овој закон, се утврдува со договор што со таа заедница го склучува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, со кој се уредуваат и другите меѓусебни права и обврски во врска со обезбедувањето на здравствена заштита и со начинот на извршувањето на договорните обврски.

Договорот од став 1 на овој член со заедницата во која се обезбедува здравствена заштита на воените осигуреници го склучува сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди.

Член 122

Трошоците што произлегуваат од извршувањето на обврските на Федерацијата за остварувањето на правата според овој закон се обезбедуваат во буџетот на федерацијата.

Трошоци, во смисла на став 1 на овој член се: трошоците за печатење на обрасците врз основа на кои се користи правото на бесплатно и повластено возење според овој закон и на образецот на налогот за исплата на месечните парични примања според овој закон, средствата што ѝ се плаќаат на службата на општественото книговодство и на организацијата на здружен труд за поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај за услугите за исплати на паричните примања според овој закон, како и средствата што на име услуги за извршените исплати ѝ се плаќаат на банката, преку која се врши исплата на паричните примања според овој закон на воените инвалиди и на корисниците на семејната инвалиднина со живеалиште во странство.

Трошоци, во смисла на став 1 од овој член, се и трошоците за медицински испитувања извршени по упат на лекарските комисии од чл. 100 и 101 на овој закон, како и паричните надомести за работата на членовите на лекарските комисии што им даваат наод и мислење на органите што решаваат за правата според овој закон.

Член 123

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди врши надзор над спроведувањето на овој закон и на прописите донесени врз основа на него.

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди му дава на надлежниот орган во републиката односно автономната покраина задолжителни инструкции за извршувањето на работите за чие извршување се овластени со овој закон.

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди има право и должност самиот да изврши непосреден надзор над применувањето на одредбите од овој закон, ако утврди дека надлежниот орган во републиката односно автономната покраина не го врши тој надзор, а неизвршувањето може да предизвика потешки штетни последици.

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди е должен да го извести Сојузниот извршен совет за надзорот што ќе го изврши во смисла на став 3 од овој член.

Надлежните органи во републиката односно во автономната покраина се должни на надлежниот сојузен орган да му доставуваат извештаи за спроведување на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на него.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите ги врши инспекциските работи над користењето на средствата наменети за остварување на правата според овој закон, со овластувањата утврдени со сојузен закон.

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, во рамките на своите права и должности, врши контрола над трошењето на средствата наменети за остварување на правата според овој закон и за тоа го известува сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди.

Глава X

НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 124

Лицето на кое му е исплатено парично примање според овој закон на кое немало право, должно е да го врати применитот износ:

1) ако врз основа на неточни податоци за кои знаело или морало да знае дека се неточни, или на друг противправен начин, остварило парично примање според овој закон што не му припаѓа или остварило парично примање во поголем износ отколку што му припаѓа;

2) ако остварило парично примање поради тоа што не ги пријавило настанатите промени што влијаат врз губењето, престанокот или обемот на некое право, а знаело или морало да знае за тие промени;

3) ако примило паричен износ поголем од износот што му е определен со решението.

Побарувањето од став 1 на овој член застарува со истекот на рокот определен со сојузен закон со кој се уредува застареноста на побарувањата за односниот вид побарувања. Овие рокови почнуваат да течат од денот кога во управна постапка станало конечно решението со кое е утврдено дека исплатуваното примање не припаѓа или дека припаѓа во помал обем (став 1 точ. 1 и 2) односно од денот кога е извршена последната неправилна исплата (став 1 точка 3).

Лицето од став 1 на овој член е должно да го врати паричното примање најмногу во износот примен за последните три години, сметајќи од последната исплата на која немало право.

Побарување на федерацијата спрема лицето и според основата од став 1 на овој член постои без оглед на тоа дали решението, со кое на тоа лице му е признато правото, е поништено или укинато.

Глава XI

ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ОВОЈ ЗАКОН ЗА ВРЕМЕ НА ВОЕНА СОСТОЈБА

Член 125

За време на воена состојба се применуваат одредбите од овој закон, ако со одредбите на чл. 126 до 131 од овој закон не е поинаку определено.

Член 126

За време на воена состојба, на воените инвалиди им се обезбедуваат следните основни права:

1) лична инвалиднина;

2) додаток за нега и помош од страна на друго лице;

3) ортопедски додаток.

За време на воена состојба, на членовите на семејството на паднат борец и на членовите на семејството на воен инвалид, по неговата смрт, и на лицата изедначени во правата со тие лица, им се обезбедува семејна инвалиднина и зголемена семејна инвалиднина.

Член 127

Во постапката за остварување на правата на воен инвалид од војните за време на воена состојба врз основа на оштетување на организмот здобиено под околностите од член 5 точка 1 на овој закон, оштетувањето на организмот може да се докажува со сите докажни средства.

Член 128

За време на воена состојба не се врши ревизија на решенијата донесени според одредбите на овој закон.

Ревизија на решенијата од став 1 на овој член ќе се изврши по престанокот на воената состојба.

Жалбата изјавена на решението од став 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

Член 129

За време на воена состојба воените инвалиди и корисниците на семејна инвалиднина остваруваат здравствена заштита и други права во врска со остварувањето на здравствената заштита во обемот, на начинот и по постапката според која тие права ги остваруваат осигурениците – работници, односно членовите на нивните семејства на територијата на која имаат живеалиште.

Член 130

Начинот на исплатувањето на примањата од член 126 на овој закон го пропишува сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди, во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите.

Член 131

Обезбедувањето на паричните средства за остварување на правата предвидени со овој закон, за време на воена состојба, се врши според прописот со кој е уредено финансирањето на федерацијата за време на воена состојба.

Глава XII

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 132

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во надлежниот орган во републиката, односно во автономната покраина:

1) ако изврши решение кое подлежи на ревизија пред истекот на рокот за ревизија, односно на кое органот надлежен за вршење ревизија не дал согласност, освен ако со овој закон не е предвидено поинаку (член 104 ст. 1 и 4);

2) ако во рок од осум дена од денот на истекот на рокот за жалба не му го достави решението на органот надлежен за вршење ревизија на решението (член 104 став 5);

3) ако во постапката за ревизија на решението не прибави мислење од лекарската комисија од член 101 на овој закон (член 105 став 4)."

Глава XIII

ПРЕОДНИ И ЗВАРШНИ ОДРЕДБИ

Член 133

Военото инвалид од војните кому тоа својство му е признато до влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), го задржува својството на воен инвалид од војните и ги користи правата во обемот и под условите што се пропишани со овој закон, и тоа:

1) военото инвалид од војните кој според Договорот за мир со Италија станал државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или како државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија имал живеалиште на територијата припоена кон Социјалистичка Федеративна Република Југославија според тој договор, а кој со одлука на италијански државен орган е признат за воен инвалид од војните поради оштетување на организмот во војната од 1914 до 1918 година;

2) военото инвалид од војните кој станал инвалид при вршењето на воени должности како припадник на италијанската војска во војните од 3 ноември 1935 година до 8 септември 1943 година и при враќањето во својот дом, односно во военозаробеништво во кое е одведен пред или непосредно по разоружувањето.

Член 134

Мирновременското воен инвалид кому до влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), му е признато тоа својство врз основа на одлука на италијанските вооружени сили за признавање на својството на мирновременски воен инвалид поради оштетување на организмот настанато по демобилизацијата на италијанската вооружена сила по војната од 1914 до 1918 година до 10 јуни 1940 година, го задржува својството на мирновременски воен инвалид и ги користи правата во обемот и под условите што се пропишани со тој закон.

Член 135

Мирновременски воен инвалид кому тоа својство му е признато до влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), ако основата за стекнување на тоа својство не е предвидена со тој закон, го задржува својството на мирновременски воен инвалид и ги користи правата во обемот и под условите што се пропишани со тој закон.

Член 136

Корисниците на семејна инвалиднина на кои тоа право им е признато до денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), по смртта на лицето од чл. 133, 134 и 135 од тој закон и член 108 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), односно како на членови на семејство на лица загинати, умрени или исчезнати под околностите од член 133 точка 2 на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), ги користат и по тој ден правата што ги имаат корисниците на семејна инвалиднина, во обемот и под условите пропишани со овој закон.

Член 137

Детето на умрен воен инвалид без обата родители на кое му е признато правото на зголемена семејна инвалиднина до денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), врз основа на член 30 став 2 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), го користи правото на зголемена семејна инвалиднина и по тој ден, во обемот и под условите што се пропишани со Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81).

Член 138

Военото инвалид кому до денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ" бр. 68/81) му е признато правото на ортопедски додаток и кој тоа право го користел врз основа на Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), го користи правото на ортопедски додаток и по тој ден, во обемот и под условите што се пропишани со Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81).

Член 139

Барањето за признавање својството на воен инвалид од војните врз основа на болест здобиена под околностите од член 5 точка 2, член 6 точка 1, член 7 и член 8 став 1 на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), кое од 1 јули 1963 година не е окончано со правосилно решение, ќе се реши под условите, на начинот и по постапката што беа предвидени со прописите што важеа до тој ден.

Член 140

Барањата за признавање својството на воен инвалид, правото на семејна инвалиднина, правото на зголемена семејна инвалиднина и правото на ортопедски додаток, поднесени до денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на поднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), ќе се решат под условите, на начинот и по постапката што беа предвидени со прописите што беа во сила до денот на влегувањето во сила на тој закон.

Член 141

Барање за признавање својството на мирновременски воен инвалид врз основа на рана, повреда или озледа здобиена пред влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), под околностите од член 4 став 1 и став 2 точка 1 на Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), ако тоа својство не може да се оствари според одредбите на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), може да се поднесе во рок од една година од денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81).

Барање за признавање својството на мирновременски воен инвалид врз основа на болест здобиена по влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), под околностите од член 5 став 1 на Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), ако тоа својство не може да се оствари според одредбите на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), може да се поднесе во рок од една година од денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81).

Лицето кое на денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), се затече на служба во вооружените сили, може да го поднесе барањето од став 2 на овој член веднаш по отпуштањето од вооружените сили, а најдоцна во рок од една година од денот на отпуштањето.

Барањата поднесени според одредбите на ст. 1 до 3 на овој член ќе се решаваат според прописите што беа во сила до влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81).

Член 142

Воениот инвалид кому му е дадено на употреба моторно возило врз основа на член 59 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), не е должен да го врати тоа возило, а право на друго патничко моторно возило според Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), стекнува по истекот на рокот од седум години од денот на добивањето на моторното возило на употреба според тој закон.

Член 143

Ревизијата и жалбата не го одложуваат извршувањето на решението донесено во прв степен според одредбите на Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), до денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81).

Член 144

Одредбите на чл. 51 до 59 и на член 120 ст. 1 и 2 од Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), што се однесуваат на здравствената заштита започнаа да се применуваат од 1 јануари 1983 година.

Член 145

Надлежните органи во републиката односно во автономната покраина, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), на надлежните самоуправни интересни заедници за здравство ќе им доставаат податоци за корисниците на правото на здравствена заштита според Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81).

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди ги утврдува податоците што надлежните органи во републиката односно во автономната покраина треба да ги доставаат во смисла на став 1 од овој член до надлежните самоуправни интересни заедници за здравство.

Член 146

Со денот на почетокот на примената на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81) престана да важи Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), освен одредбите на чл. 43 до 51, чл. 94 до 100 и на член 102, како и одредбите на член 63 став 2, ако се однесуваа на здравствената заштита според тој закон, што се применуваа до 31 декември 1982 година.

Прописите донесени врз основа на овластувањата од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), останаа во сила до почетокот на применувањето на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81).

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, прописите донесени за извршување на одредбите што се однесуваат на здравствената заштита според Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81) престанаа да важат на 31 декември 1982 година.

Член 147

Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), започна да се применува по истекот на шеесеттиот ден од денот на влегувањето во сила.

Член 148

Лицето на кое до денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), со правосилно решение му е признато својството на воен инвалид врз основа на оштетување на организмот што го здобило како учесник во Народноослободителното движење на Грција од 15 мај 1945 до 8 јули 1949 година има од 1 јануари 1986 година својство на воен инвалид од војните според Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81 и 41/83).

Лицето на кое до денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), со правосилно решение му е признато правото на семејна инвалиднина како на член на семејството на лице што загинало, умрело или исчезнало како учесник во Народноослободителното движење на Грција од 15 мај 1945 до 8 јули 1949 година, односно како член на семејството на воен инвалид од I до VII група од став 1 на овој член, од 1 јануари 1986 година, корисник е на семејна инвалиднина според Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81 и 41/83).

Лицата од ст. 1 и 2 на овој член ги задржуваат правата што им се признати до денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), ако тие права се пропишани со Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен

лист на СФРЈ", бр. 68/81 и 41/83), и ги користат во обемот и под условите пропишани со тој закон.

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина ќе донесе, по службена должност, решенија во смисла на одредбите на ст. 1, 2 и 3 од овој член во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85).

Член 149

Корисниците на семејна инвалиднина на кои тоа својство им е признато до денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), како на храненици, односно хранители, го задржуваат својството на корисник на семејна инвалиднина и го користат тоа право во обемот и под условите што се пропишани со Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81 и 41/83).

Член 150

Решенијата со кои е признато правото на здравствена заштита според Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81 и 41/83), донесени до денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина ќе ги достави до органот надлежен за вршење ревизија во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85).

Надлежниот орган во републиката, односно во автономната покраина кој до денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), не донел решение за правото на здравствена заштита за лицата што тоа право го имаат според Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81 и 41/83) ќе го донесе тоа решение во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85). Органот надлежен за вршење ревизија ќе изврши ревизија на решенијата од ст. 1 и 2 на овој член во рок од шест месеци од денот на приемот на решението.

Член 151

Одредбите на чл. 14, 15 и 16 од Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), се применуваат од 1 јануари 1986 година.

Член 152

Одредбите на член 18 од Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), ќе се применуваат од 1 јануари 1987 година.

Член 153

Месечните парични износи на личната, семејната и на зголемената семејна инвалиднина, на додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток се зголемуваат од 1 јанари 1986 година за процентот на порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во 1985 година.

Месечните парични износи на личната, семејната и на зголемената семејна инвалиднина, на додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток, утврдени според одредбата на став 1 од овој член, во текот на 1986 година ќе се зголемат за 70% од процентот на порастот на просечниот месечен личен доход во таа година во однос на 1985 година во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во роковите што ќе ги определи сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и воените инвалиди и така утврдени ќе се исплатуваат со важност од 1 јануари 1986 година.

Месечните парични износи на личната, семејната и на зголемената семејна инвалиднина, на додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток, утврдени според одредбата на став 1 од овој член, ќе се зголемат од 1 јануари 1987 година за процентот на порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во 1986 година.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и воените инвалиди ги утврдува месечните износи на паричните примања според одребите на ст. 1, 2 и 3 од овој член врз основа на официјалните податоци на сојузната организација надлежна за работи на статистиката.

Член 154

На воените инвалиди и на корисниците на семејна инвалиднина со живеалиште во странство месечните парични примања според Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81 и 41/83) им се исплатуваат во странска валута најмалку во износите што се исплатувани од денот на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ" бр. 75/85).

459.

Врз основа на член 124 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 286 став 2 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 5 јуни 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕТО И ФИНАНСИРАЊЕТО НА XIV СВЕТСКИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ЛЕТНИ ИГРИ 1987 ГОДИНА ВО ЗАГРЕБ

1. Се прифаќа Општествениот договор за организирањето и финансирањето на XIV светски универзитетски летни игри 1987 година во Загреб.

2. Се овластува претседателот на Соборот на републиките и покраините од името на Собранието на СФРЈ да го потпише овој општествен договор.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 658
5 јуни 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и
покраините,
д-р Миленко Бојаниќ, с. р.

460.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5) од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 286 став 3 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 26 став 3 од Законот за Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, и по прибавеното мислење на Сојузниот извршен совет и извршните совети на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 5 јуни 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА И НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА 1985 ГОДИНА

Се потврдува Завршната сметка на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за 1985 година, што го донесе Собранието на Фондот со својата одлука 02 бр. 109/3-86 од 25 февруари 1986 година, и Извештајот за работењето на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за 1985 година.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 751
5 јуни 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ
Иво Врандечиќ, с.р.

Претседател
на Соборот на репубиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

461.

Врз основа на член 288 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со точка 23 ст. 1 и 3 од Одлуката за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 5 јуни 1986 донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ПОКРАИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За секретар на Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се именува Милан Крниќ, секретар на Соборот на општините од СР Хрватска.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 25
5 јуни 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

462.

Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, на седницата од 5 јуни 1986 година, ја разгледа Анализата на резултатите од самоуправното здружување на трудот и средствата на организациите на здружен труд од развиените и од стопански недоволно развиените републики и автономни покраини по основ на средствата на Фондот во периодот од 1981 до 1985 година.

Тргнувајќи, од оцените и констатациите што се изнесени во материјалите, во расправата на седницата на Одборот за прашања на развојот на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини и во расправата на седницата на Соборот, а имајќи го предвид значењето на самоуправното здружување на трудот и средствата за развојот на стопанството на земјата во целост и посебно за побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и САП Косово, Соборот оценува дека резултатите што се постигнати, иако се значајни во споредба со резултатите што се постигнати во претходниот петгодишен период, заостануваат во однос на планските предвидувања за периодот од 1981 до 1985 година и потребите и можностите на организациите на здружен труд и на стопанството на земјата во целост, како и во однос на активностите што се водени заради натамошно јакнење и интензивирање на овој процес.

Врз недоволното остварување на планските задачи во областа на здружувањето на трудот и средствата во целината на општествената репродукција во периодот од 1981 до 1985 година влијаеа многубројни фактори, меѓу кои посебно се истакнуваат: сложените општествено-економски услови во кои се одвиваше процесот на здружувањето на трудот и средствата; економските тешкотии во стопанството на земјата во целост, а посебно во стопански недоволно развиените републики и САП Косово; недоволната подолгорочна стабилност на условите за стопанисување; високата инфлација; презадолженоста и неликвидноста на стопанството; големо влијание на општествено-политичките заедници врз тековите на здружувањето и во врска со тоа отуѓеноста на средствата за проширена репродукција од работниците и од организациите на здружен труд и слабостите во функционирањето на системот на проширената репродукција; недоволниот број и кавлитетот на мерките за поттикнување што би го мотивирале здружениот труд за поголемо здружување; бавното постигање согласност за програмите од заеднички интерес и недостигот на квалитетни програми и проекти; недоволната организираност и кадровска оспособеност на институциите при изборот на програмите, како и при реализацијата и успешноста на ефектуирањето на изградените објекти и сл.

Во тие услови се поизразени проблемите во врска со развојот на стопански недоволно развиените републики и САП Косиова. Здружување на трудот и средствата по основ на средствата на Фондот беше отежнато, поради што и резултатите не се адекватни на вложените усилби. Здружување на трудот и средствата и натаму предимно се врши врз кредитни основи. Освен тоа, се уште не се донесени адекватни поттикнувачки мерки на економската политика за да се создадат услови за побрзо здружување врз доходовни основи; не се уважуваат доволно пазарните критериуми при оцената на оправданоста на вложувањата по основ на средствата на Фондот; многу е долга процедурата и голем е бројот на посредниците во давањето согласност за заедничките програми; постојат извесни разлики по одделни републики и автономни покраини во поглед на условите и критериумите за здружување на трудот и средствата по основ на средствата на Фондот; не се приспособени прописите за поттикнување на процесот на здружувањето на трудот и средствата; нема доволно средства од други извори, освен средствата на Фондот, за финансирање на заедничките програми; ненавремено притечуваат средствата на Фондот и сл.

Тргнувајќи од наведениве оцени и констатации за досегашните резултати од здружувањето на трудот и средствата по основ на средствата на Фондот и проблемите и тешкотиите што го следеа овој процес, а имајќи предвид дека тие со голем дел се пренесуваат и во тековниов плански период, заради преземање мерки за натамошно јакнење на процесот на здружувањето на трудот и средствата на организациите на здружен труд од развиените и од стопански недоволно развиените републики и автономни по-

краини во овој среднорочен период, Собранието на СФРЈ, врз основа на член 118 од Деловникот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 5 јуни 1986 година, донесе

ЗАКЛУЧОЦИ

Имајќи ја предвид состојбата во поглед на реализацијата на задачите и обврските на носителите на процесот на здружувањето, Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, поддружувајќи ги активностите и мерките што се наведени во Анализата, посебно укажува на потребата:

1. Да се создаваат услови процесот на здружувањето на трудот и средствата по основ на средствата на Фондот да се одлива во согласност со општествено-политичките определувања за здружувањето на трудот и средствата, како основен метод за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и САП Косово. Имено, Соборот истакнува дека е од посебно значење организациите на здружен труд самоуправно да се организираат заради нивно поголемо влијание врз остварувањто и натамошното јакнење на квалитативните елементи на процесот на здружувањето на трудот и средствата по основ на средствата на фондот и во врска со тоа максимално да се ангажираат врз доходовното поврзување во рамките на репродукционите процеси. Во таа смисла, организациите на здружен труд би требало да поведуваат иницијативи и да дадат конкретни предлози, непосредно да ангажираат стручни кадри и да ја следат успешноста на реализацијата на заедничките објекти што се реализираат по основ на здружувањето на трудот и средствата.

Активностите и мерките што се преземаат во тој правец, вклучувајќи ја и доследната примена на прописите за обезбедување и навремен прилив на средствата на фондот, треба да придонесат за остварување на политиката за побрз развој на стопански недоволно развиените републики и за најбрз развој на САП Косово.

2. Сојузниот извршен совет:

– понатаму да ги презема потребните активности и мерки од своја надлежност, за да се извршуваат навремено задачите и обврските предвидени во Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година и Резолуцијата за 1986 година и во соодветните прописи од областа на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и САП Косово, пред сè, во поглед на здружувањето на трудот и средствата;

– во соработка со другите учесници во донесувањето на општествениот договор за здружување на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за периодот од 1986 до 1990 година, да ја интензивира активноста врз неговото донесување, за да се дефинираат поцелосно економските и другите мерки брз доходовни основи и за отстранување на пречките што го отежнуваат овој процес. Овој договор е потребно да се донесе до крајот на јуни 1986 година;

– во соработка со другите учесници да ја интензивира активноста врз донесувањето на општествениот договор за посебните мерки за остварување на политиката за најбрз развој на САП Косово во периодот од 1986 до 1990 година, како еден од предусловите за остварување на политиката за најбрз развој на САП Косово, за да се донесе овој договор најдоцна до крајот на јуни 1986 година;

– да настојува да се создадат можности учесниците во здружувањето на трудот и средствата врз доходовни основи рамноправно да учествуваат во управувањето со заедничките средства, вклучувајќи ги, доколку оцени дека е потребно, и измените во Законот за здружениот труд;

– при донесувањето на мерките на тековната економска политика од своја надлежност да обезбедува поповолни услови организациите на здружен труд од развиените и од стопански недоволно развиените републики и автономни покраини да ги здружуваат трудот и средствата;

– во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини да ги анализира прописите на федерацијата, на републиките и на автономните покраини со кои се регулираат изворите и начинот на обезбедување средства на Фондот и прописите, односно договорите за условите и начинот на здружување на трудот и средствата по основ на средствата на Фондот и да донесе, односно да предложи измени и дополненија на тие прописи заради забрзување на процесот на здружувањето на трудот и средствата;

– да го обврзе надлежниот орган да донесе поблиски прописи во смисла на член 17 од Законот за средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година.

3. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ им препорачува на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини:

– во согласност со политиката за побрз развој на стопански недоволно развиените републики и САП Косово, утврдена во Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година и во Резолуцијата за 1986 година, да донесат поттикнувачки мерки од своја надлежност, настојувајќи притоа овие мерки во што поголем степен да бидат уедначени;

– да настојуваат што поголем дел од средствата на Фондот на федерацијата да го насочуваат во неразвиените општини во стопански недоволно развиените републики и САП Косово, не доведувајќи ја во прашање општествено економската оправданост на инвестициите и покрај тие средства да насочуваат што поголем дел од другите средства на репродукцијата вклучувајќи ги и средствата на своите фондови за побрз развој на неразвиените подрачја;

– да им препорачаат на општините на својата територија да обезбедат олесненија за субјектите што здружуваат труд и средства за реализација на програмите во стопански недоволно развиените републики и САП Косово.

4. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ ѝ препорачува на Стопанската комора на Југославија:

– во соработка со стопанските комори на републиките и автономните покраини да донесе и разработи комплетни програми на активностите за организирање и поттикнување на здружувањето на трудот и средствата за реализација на заедничките развојни програми во стопански недоволно развиените републики и САП Косово, во согласност со критериумите утврдени во Општествениот план на Југославија и во општествените планови на републиките и автономните покраини за периодот од 1986 до 1990 година;

– во соработка со Фондот на федерацијата да го регулира начинот на меѓусебното инфомирање на организациите на здружен труд и другите заинтересирани субјекти за потребите и можностите за самоуправно здружување на трудот и средствата по основ на средствата на фондот;

– да утврди единствена евиденција на здружувањето на трудот и средствата.

5. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ го задолжува Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини:

– во согласност со законските овластувања, да презема мерки за навремено да се реализираат вкупните средства на Фондот, како по основ на задолжителниот заем, така и по основ на самоуправното здружување;

– во соработка со Стопанската комора на Југославија, стопанските комори на републиките и автономните покраини и овластените банки, преку кои се пласираат средствата на Фондот, да ја следи реализацијата на средствата на Фондот по основ на задолжителниот заем и по основ на здружувањето на трудот и средствата во поглед на наменското насочување и користење на овие средства, да ја следи реализацијата на програмите и проектите и да врши увид во остварувањето на планираните ефекти од изградените капацитети.

6. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ му препорачува на Здружението на банките на Југославија, банките:

– во рамките на својата деловна политика, да обезбедуваат поповолни услови за кредитирање на програмите што се реализираат со здружување на трудот и средствата по основ на средствата на Фондот;

– да даваат стручни мислења за економската оправданост на заедничките вложувања по основ на средствата на Фондот и да обезбедуваат стручно-финансиска помош во избирањето и во реализацијата на заедничките програми.

7. Одборот на Соборот на републиките и покраините за прашања на развојот на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини:

- континуирано да го следи остварувањето на процесот на здружувањето на трудот и средствата и врз основа на сознанијата до кои доаѓа, разгледувајќи ја состојбата и проблемите што се јавуваат во неговата реализација, да му предлага на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да презема соодветни активности и мерки што Соборот, односно Сојузниот извршен совет, во рамките на своите надлежности, ги донесува заради создавање услови за поуспешна реализација на процесот на здружувањето на трудот и средствата.

8. Овие заклучоци ќе се објават во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Бр. 06-3-68/86-052
Белград, 5 јуни 1986 година

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

463.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЧИСТИ ХЕМИКАЛИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за чисти хемикалии кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Чисти хемикалии. Определување на содржината на олово (II)-ацетат-трихидрат. Комплексометриски методи — — JUS H.G8.267
2) Чисти хемикалии. Определување на содржината на материи нерастворливи во вода. Гравиметриски метод — — — JUS H.G8.268
3) Чисти хемикалии. Определување на содржината на хлориди. Турбидиметриски метод — — — — — — — — — — — JUS H.G8.269
4) Чисти хемикалии. Определување на содржината на вкупен азот. Колориметриски метод — — — — — — — — — JUS H.G8.270
5) Чисти хемикалии. Определување на содржината на железо. Колориметриски метод — — — — — — — — — — — — — JUS H.G8.271
6) Чисти хемикалии. Определување на содржината на бакар и калциум. Метод на атомска апсорпција — — — — — — — — JUS H.G8.272
7) Чисти хемикалии. Определување на содржината на натриум и калиум. Метод на емисиона спектрафотометрија со пламен — — — — — — — — — — — — — — — JUS H.G8.273

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целина, а ќе се применуваат на чисти хемикалии што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1680/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

464.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЧЕЛИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за челици кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Топловалани челици. Бетонски челици. Облик и мери — — — — — — — — — JUS C.K6.120
2) Челици за површинско калење. Технички услови — — — — — — — — — — — JUS C.B9.022

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целина, а ќе се применуваат на челици што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1682/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

465.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗАВАРУВАЊЕ И СРОДНИ ПОСТАПКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за заварување и сродни постапки кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Заварување и сродни постапки. Термичко режење. Класификација на состојбата на површините добиени со режење со гасен пламен — — — — — — JUS C.T3.023

2) Заварување и сродни постапки. Делови добиени со режење со гасен пламен. Општи толеранции — — — — — — — — JUS C.T3.025

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целина, а ќе се применуваат на заварување и сродни постапки од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-2218/1
12 мај 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

466.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ФУРНИРСКИ ПЛОЧИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард кој го има следниот назив и ознака:

Фурнирски плочи (шпер-плочи). Термини и дефиниции — — — — — — — — JUS D. C5. 001

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-2219/1
12 мај 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

467.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА БАВНОГОРЛИВ ДЕТОНАТОРСКИ ФИТИЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за бавногорлив и детонаторски фитил кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Бавногорлив фитил — — — — — JUS H. D3. 050
2) Детонаторски фитил — — — — — JUS H. D3. 053

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целина, а ќе се применуваат на бавно-горливи и детонаторски фитили што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Специјален подводен бавногорлив штапин — — — — — — — — — — — — JUS H. D3. 050 донесен со Решението за југословенските стандарди за експлозиви за рударски и други потреби („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/60);

2) Детонаторски штапин — — — — JUS H. D3. 053 донесен со Решението за југословенските стандарди за експлозиви и детонирачки штапини („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/75).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-2221/1
12 мај 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

468.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА СВОЈСТВАТА НА АНАЛИЗАТОРИ НА СПЕКТРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за истражување на својствата на анализатори на спектри, кој го има следниот назив и ознака:

Истражување на својствата на анализатори на спектри — — — — — — — — — JUS L.G7.350

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на истражувањето на својствата на анализатори на спектри од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1664/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

469.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА НИСКОНАПОНСКИ РАСКЛОПНИ АПАРАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за нисконапонски расклопни апарати што го има следниот назив и ознака:

Димензии на нисконапонски расклопни апарати. Унифицирано поставување на електричните апарати и уреди на профилирани носачи — — — — — — — JUS N.K5.005

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на нисконапонските расклопни апарати што ќе се произведуваат односно увезуваат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1667/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

470.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА НАПОНСКИ ТРАНСФОРМАТОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за напонски трансформатори што го има следниот назив и ознака:

Напонски трансформатори. Дополнителни технички услови и испитување за капацитивни напонски трансформатори — JUS N.H9.124

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на напонските трансформатори што ќе се произведуваат односно увезуваат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1668/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

471.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата (Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80) директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА БАКАРОТ И БАКАРНИТЕ ЛЕГУРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за методите за испитување на бакарот и бакарните легури што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Методи за испитување на бакарот и бакарните легури. Определување на содржината на никел во бакарните легури. Гравиметриска метода — — — — — JUS C.A1.175

2) Методи за испитување на бакарот и бакарните легури. Определување на содржината на никел во бакарните легури. Индиректна потенциометриска метода — — — — — — — — — — — — — — — JUS C.A1.625

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на методите за испитување на бакарот и бакарните легури од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард што го има следен назив и ознака:

Методи на испитување на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури. Гравиметриско определување на никел во бакарни легури — — — — — — — — — — JUS C.A1.175

донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на испитувањето на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/68).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1670/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

472.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА НИСКОНАПОНСКИ АПАРАТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за нисконапонски апарати за управување кој го има следниот назив и ознака:

Нисконапонски апарати за управување. Означување на приклучоците на контакторот и припаѓачките прекуструјни релеи — — — — — — — — — — — — — — — JUS N.K5.006

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1666/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

473.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА РЕГУЛАЦИОНИ ВЕНТИЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за регулациони вентили кои ги имат следните називи и ознаки:

1) Регулциони вентили. Означувње. — JUS M.C5.084

2) Регулациони вентили. Капацитет на протокот. Постапка на испитување — JUS M.C5.092

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целина, а ќе се применуваат на регулациони вентили што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1672/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

474.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗАВАРУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за заварување кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Заварување. Дозволени отстапувања на моделирани мери на заварени конструкции. Должини и агли — — — — — JUS C.T3.013

2) Заварување. Дозволени отстапувања на моделирани мери на заварени конструкции. Облик и положба — — — — — JUS C.T3.014

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузнит завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целина, а ќе се применуваат на заварување од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1675/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

475.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ОПРЕМА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА НАФТА, ГАС И СЛОЕСТИ ВОДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за опрема и експлоатација на нафта, гас и слоести води кој го има следниот назив и ознака:

Опрема за истражување и експлоатација на нафта, гас и слоести води. Работни дупчечки вретена — — — — — — — — — — — JUS M.J2.101

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целина, а ќе се применува на опрема за истражување и експлоатација на нафта, гас и слоести води што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1676/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација.
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

476.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА СТАБИЛНИ САДОВИ ПОД ПРИТИСОК ЗА ТЕЧНИ АТМОСФЕРСКИ ГАСОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стнадард за стабилни садови под притисок за течни атмосферски гасови кој го има следниот назив и ознака:

Стабилни садови под притисок за течни атмосферски гасови. Технички услови — — — — — — — — — — — — — — — — JUS M.E2.515

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целина, а ќе се применува на стабилни садови под притисок за течни атмосферски гасови што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1677/1
11 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

477.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВЕТЕРИНАРСКИ ТЕРМОМЕТРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат ветеринарските термометри што се наменети за мерење на телесната температура на животните (во натамшниот текст: термометрите).

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS. K–4/5.

Член 2

Термометрите мораат да бидат изработени од стакло, полнети со течност, предвидени за делумно нурнување и такви да ја покажуваат максималната температура. Термометрите можат да бидат стапни или со вградена скала и капилара.

Член 3

Скалата на термометарот мора да има опсег на мерење најмалку од + 35,5 °C до + 42,0 °C, а вредноста на најмалиот поделок мора да изнесува 0,1 °C.

Член 4

Границите на дозволената грешка на мерењето на температурата се: + 0,10 °C и – 0,15 °C и се однесуваат на термометри од + 15,0 °C до + 30,0 °C, по ладењето на термометарот.

Член 5

Ако термометарот, со температура t_1 (+ 15,0 °C = t_1 = + 30,0 °C) нагло се нурне во водена бања, со константна температура t_2 (+ 35,5 °C = t_2 = + 42,0 °C) и ако се извади по 20 секунди, покажувањето на термометарот, по ладењето до температурата t_1:

а) мора да ги има границите на дозволената грешка пропишани со член 4 од овој правилник;

Федеративна Република Југославија, како и за кривични дела против стопанството и единството на југословенскиот пазар, не можат да ги користат правата стекнати според овој закон додека се наоѓаат на издржување на казната.

Надлежниот орган на републиката односно во автономната покраина може да одобри на членовите на семејството на воен инвалид од I до VII група, кој се наоѓа на издржување на казната затвор подолго од шест месеци за кривичните дела од став 1 на овој член, за тоа време да им се исплатува износот на семејната инвалиднина утврден во смисла на член 36 ст. 1 и 2 од овој закон ако во поглед на приходот ги исполнува условите за остварувањето на првото на месечно парично примање според републичкиот, односно покраинскиот пропис со кој се уредуваат правата на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства.

Ако против воен инвалид или корисник на семејна инвалиднина се води кривична постапка за кривичните дела наведени во став 1 на овој член, за времето додека се наоѓа во притвор, на семејството на военот инвалид и на семејството на корисникот на семејна инвалиднина им се исплатува половината од неговата инвалиднина и од ортопедскиот додаток. Запрената половина ќе му се исплати на военот инвалид односно на корисникот на семејна инвалиднина, ако кривичната постапка со правосилна одлука биде запрена или ако военот инвалид односно корисникот на семејна инвалиднина со правосилна пресуда биде ослободен од обвинението, односно ако обвинението против него биде одбиено, но не поради ненадлежноста на судот.

Глава VIII

ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 92

За правата според овој закон решава надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Член 93

Фактот дека раната, повредата или озледата е здобиена под околностите од чл. 5, 6, 8, 11 и 13 од овој закон се утврдува само со писмени докажни средства. Изјавата на странката и на други лица, без оглед на тоа во каква форма е соопштена, не се смета како писмено доказано средство.

Како писмено доказно средство, во смисла на став 1 од овој член, за утврдување на фактот дека раната, повредата или озледата е здобиена под околностите од член 5 точка 2 на овој закон се смета и медицинската документација за нивното лекување непосредно по војната, а најдоцна до 15 мај 1946 година.

Член 94

Фактот дека болеста настапила под околностите од член 12 на овој закон се утврдува само врз основа на медицинска документација која потекнува од времето на службата во вооружените сили или од периодот од 30 дена по отпуштањето од вооружените сили.

Член 95

Барањето за признавање на својството на воен инвалид од војните врз основа на оштетување на организмот настанато поради болест здобиена под околностите од член 5 точка 2, член 6 точка 1 и член 8 став 1 на овој закон, поднесено по 31 декември 1952 година, како и барањето за обнова на постапката по истата основа, нема да се земаат во постапка.

Член 96

Фактот дека лицето од кое членовите на семејството ги изведуваат правата според одредбите на овој закон загинало, умрело или е исчезнато под околностите од член 5 точка 2, член 6 точка 1 и член 8 став 1 од овој закон се утврдува само со писмени докажни средства. Изјава на странката и на други лица без оглед на тоа во која форма е соопштена, не се смета како писмено доказно средство.

Член 97

Барање за признавање својството на мирновременски воен инвалид врз основа на оштетување на организмот настанато поради болест здобиена под околностите од член 12 ст. 1 до 3 на овој закон може да се поднесе веднаш по отпуштањето од вооружените сили, а најдоцна во рок од пет години од денот на отпуштањето.

Барање за признавање на првото на семејна инвалиднина по основа на лицето што умрело од болест здобиена под околностите од член 12 ст. 1 до 3 на овој закон може да се поднесе во рок од пет години од денот на смртта на тоа лице, а најдоцна во рок од пет години од денот кога е отпуштено од вооружените сили.

Под отпуштање од вооружените сили се подразбира прекинување на обврската за служење на военот рок, отпуштање на војници од Југословенската народна армија по отслужувањето на военот рок или поради неспособност за воена служба и отпуштање на воени обврзници од воени вежби во единиците и установите на вооружените сили, во смисла на прописите за воената обврска, како и отпуштање на питомци на воените школи од школување.

Член 98

Единицата или установата на Југословенската народна армија, надлежна за военото лице што под околностите од член 6 точ. 2 и 3 и член 11 на овој закон во Југословенската народна армија здобило рана, повреда или озледа поради која ќе настапи оштетување на организмот, односно кое под тие околности ќе загине или умре, ќе поведе веднаш, по службена должност, постапка заради утврдување на причините и околностите под кои таквото лице е рането, повредено, озледено, односно загинато или умрено.

Постапка во смисла на став 1 од овој член за воените лица во територијалната одбрана и за другите лица од член 6 точка 2, член 11 и член 13 став 1 точ. 1 и 2 на овој закон, поведува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

По завршената постапка, надлежната военa единица или военa установа односно надлежниот орган ќе му издаде на правно заинтересираното лице уверение за околностите под кои настанал случајот, заради остварување на правата според овој закон.

Член 99

Военот инвалидитет, правото на додаток за нега и помош од страна на друго лице, правото на ортопедски додаток, правото на патничко моторно возило, како и неспособноста за стопанување како услов за остварување на правата според овој закон, се утврдуваат врз основа на наодите и мислењата од надлежните лекарски комисии.

Член 100

Лекарската комисија која му дава наод и мислење на органот што во прв степен решава за правата според овој закон ја сочинуваат три члена, од кои најмалку два члена на комисијата се лекари специјалисти.

Членовите на лекарската комисија од став 1 на овој член ги именува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина. Истиот орган го определува седиштето и подрачјето на работата на таа комисија.

Член 101

Лекарската комисија која му дава наод и мислење на органот што во втор степен решава за правата според овој закон, ја сочинуваат пет членови од кои најмалку четири члена на комисијата се лекари специјалисти.

Членовите на комисијата од став 1 на овој член ги именува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина. Истиот орган го определува седиштето и подрачјето на работата на таа комисија.

Член 102

Военот инвалид се упатува на бањско и климатско лекување врз основа на одобрение од лекарската комисија односно од комисијата на лекари вештаци.

Лекарската комисија и комисијата на лекари вештаци ги сочинуваат три члена од кои најмалку два члена се лекари.

Членовите на лекарската комисија и на комисијата на лекари вештаци од став 1 на овој член ги именува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина. Истиот орган го определува седиштето и подрачјето на работата на комисијата.

Член 103

За правата според овој закон решава во прв степен надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

По жалбите против решенијата донесени во прв степен решава надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Жалбата го одложува извршувањето на решението.

Член 104

Решението со кое се утврдува военот инвалидитет, правото на лична, семејна и на зголемена семејна инвалиднина, додатокот за нега и помош од страна на друго лице, ортопедскиот додаток, постојаниот инвалидски додаток, правото на патничко моторно возило и правото на здравствена заштита и на паричен надомест во врска со остварувањето на правото на здравствена заштита донесено во прв степен, подлежи на ревизија.

Ревизијата ја врши надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина што во втор степен решава за правата според овој закон.

Ако против решението донесено во прв степен е изјавена жалба, за ревизијата и жалбата се решава со исто решение.

Ревизијата го одложува извршувањето на решението, освен решението со кое е признато правото на здравствена заштита и на паричен надомест во врска со остварувањето на правото на здравствена заштита.

Ако против решението од став 1 на овој член не е изјавена жалба, органот што го донел тоа решение ќе го достави, заедно со списите на предметот, до органот надлежен за вршење на ревизија, во рок од 8 дена од денот на истекот на рокот за жалба.

Член 105

Во вршењето ревизија надлежниот орган може да даде согласност на решението, може да го поништи или укине и самиот поинаку да го реши предметот или да му го врати предметот на првостепениот орган на повторна постапка.

Надлежниот орган во постапка на ревизија ќе го поништи или укине првостепеното решение и, по правило, сам ќе го реши предметот во корист или на штета на странката, ако утврди дека во првостепената постапка нецелосно или погрешно се утврдени фактите или дека во постапката не се водело сметка за правилата на постапката што би биле од влијание врз решавањето на предметот или ако утврди дека погрешно се оценети доказите или дека од утврдените факти е изведен погрешен заклучок во поглед на фактичката состојба или дека погрешно е применет прописот врз основа на кој е решен предметот.

Првостепениот орган, чие решение во постапката на ревизија е поништено или укинато и вратено на повторна постапка, донесува ново решение. Новото решение подлежи на ревизија во која се испитува само дали е во согласност со причините поради кои поранешното првостепено решение е поништено или укинато.

Во постапката на ревизија надлежниот орган е должен да прибави мислење од лекарската комисија од член 101 на овој закон. Кога е во прашање утврдувањето на инвалидитетот врз основа на болест од член 7 и член 12 став 3 на овој закон и утврдувањето на степенот на оштетувањето на организмот врз основа на кое се стекнува право на додаток за нега и помош од страна на друго лице, лекарската комисија ќе даде наод и мислење по извршениот преглед на военот инвалид.

Член 106

Ако против решението на првостепениот орган кое подлежи на ревизија не е изјавена жалба, а ревизијата не биде извршена во рок од три месеци од денот кога второстепениот орган го примил предметот, се смета дека е извршена ревизија и дека е дадена согласност на решението.

Ако лекарската комисија од член 101 на овој закон упати на медицинско испитување лице на кое се однесува решението што е во постапка на ревизија, рокот од став 1 на овој член почнува да тече од денот кога таа лекарска комисија го доставила наодот и мислењето до органот што ја врши ревизијата.

Член 107

Против решението донесено по жалба, како и против решение донесено во вршењето на ревизија, ако со него е изменето првостепеното решение, може да се води управен спор.

Против решение донесено во постапка на ревизија, со кое решението на првостепениот орган е поништено или укинато и вратено на повторна постапка, не може да се води управен спор, без оглед на тоа дали на првостепеното решение е изјавена жалба.

Член 108

Надлежниот орган, по службена должност, води постапка за донесување ново решение за правата на воен инвалид на кој процентот на военот инвалидитет му е утврден привремено, односно за правата на корисник на семејна инвалиднина на кој правото на семејна инвалиднина му е утврдено привремено по основа на привремената неспособност за стопанисување.

Решението од став 1 на овој член има правно дејство од првиот ден на наредниот месец по истекот на важноста на решението со кое процентот на военот инвалидитет, односно на неспособноста за стопанисување се утврдени привремено.

Ако военот инвалид, односно корисникот на семејна инвалиднина од став 1 на овој член не пристапи на преглед, или на друг начин оневозможи лекарската комисија од член 100 на овој закон да даде наод и мислење, ќе се смета дека се откажал од барањето за остварување на правата според овој закон и постапката ќе се запре.

Ако лицето од став 1 на овој член поднесе повторно барање за утврдување на процентот на военот инвалидитет, односно на неспособноста за стопанисување и, по таа основа, за остварување на правата според овој закон, новото решение има правно дејство од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесувањето на тоа барање.

Член 109

Ако кај военот инвалид настапат промени што се од влијание врз правата утврдени со конечното решение, военот инвалид може, по истекот на две години од денот на донесувањето на конечното решение, да поднесе барање за утврдување на нов процент на военот инвалидитет во врска со настанатата промена.

Со прописот од член 25 став 2 на овој закон со кој се уредува утврдувањето на процентот на военот инвалидитет ќе се утврдат оштетувањата на организмот врз основа на кои може да се поднесе барање за утврдување на нов процент на военот инвалидитет и пред истекот на рокот од став 1 на овој член.

Барањето од став 1 на овој член нема да се зема во постапка кога својството на воен инвалид е признато врз основа на оштетување на организмот настанато поради болест здобиена под околностите од член 7 и член 12 став 3 на овој закон.

Според барањето поднесено во смисла на став 1 од овој член ќе се поведе постапка ако военот инвалид го стори како веројатно тоа дека настапила промена од влијание врз утврденото право.

Се смета дека е сторено како веројатно тоа дека настапила промена во смисла на став 4 од овој член ако военот инвалид за тоа поднесе мислење од лекарот специјалист и ако посебната лекарска комисија од три члена лекари специјалисти што ја именува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, врз основа на тоа мислење и другата медицинска документација, даде мислење дека веројатно настапила промената од став 1 на овој член.

Барањето од став 1 на овој член ќе се отфрли ако не е сторено како веројатно тоа дека настапила промена во смисла на одредбите од овој член.

Против одлуката од став 6 на овој член не може да се изјави жалба.

важат истите GDG за вредноста на брзината при која се вклучува сигнализација, во однос на вредноста на брзината на која е регулирано вклучувањето на сигнализацијата (номинална вредност).

Член 15

Мерилата мораат да се мерат во GDG од чл. 11 и 13 на овој правилник, во следните референтни услови:

1) температура на работната средина од + 10°C + 50° C;

2) релативна влажност на воздухот 65% ± 15%;

3) електричен напон на изворот на напојување со електрична енергија на постојаната електрична струја 12 (24) V + 20%; односно номиналниот напон на напојувањето ± 20%;

4) наклон на скалата на мерилото (работна положба).

III. СВОЈСТВА НА КОНСТРУКЦИЈАТА

Член 16

Мерилата мораат да бидат изработени од материјал чии особини во условите на нормално користење не ќе се менуваат во мерата која може да влијае врз метролошките особини на мерилото, пропишани со овој правилник.

Промените на механички и други својства на материјалите, од кои е изработена картичката не смеат да влијаат врз промените на метролошките особини на картичката, пропишани со овој правилник.

Член 17

Составните делови на мерилото мораат да бидат сместени во кукиште кое ги заштитува од влијанието на прав, влага и сл.

Кукиштето мора да биде опремено со брава со клуч.

Член 18

Далномерот се состои од следните делови:

1) мерен склоп;

2) покажувачки уред (во натамошниот текст: бројник).

Член 19

Мерниот склоп на далномерот мора да биде изработен, така што мерењето на должината да се врши само врз основа на бројот на обртите на тркалата и обемот на тркалата и возењето (движењето) на возилото назад да не предизвикува намалување на покажувачката вредност на должината на поминатиот пат.

Член 20

Бројникот на далномерот мора да биде така изработен што неговото покажување на никој начин не може да се врати на нула (или на некоја друга вредност).

По исклупок од одредбата на став 2 од овој член кај мерилата кои се вградуваат во влечни локомитиви, покажувањето на бројникот може да се врати на нула или на некоја друга сакана вредност.

Броевите на бројникот мораат да бидат чисти, јасни и да имаат височина од најмалку 4 mm.

Вредноста на најмалиот поделок на бројникот мора да биде 0,1 km или 1 km. Броевите што ги покажуваат деловите од километри мораат јасно да се разликуваат по бојата или да се одвојат со броеви што покажуваат цел број на километри.

Член 21

Брзиномерот се состои од следните делови:

1) мерен склоп;

2) покажувачки уред.

Член 22

Мерниот склоп мора да биде така изработен што мерењето на моменталната вредност на линеарната вредност на возилото да се врши само врз основа на моментален агол на брзина на тркалата и обемот на тркалата.

Член 23

Природната осцилација и смирувањето на мерниот склоп мораат да бидат такви, што покажаната и забележаната линеарна брзина може да се следи, во границите на дозволените грешки, во промената на брзината или при забрзувањето кое не поминува 2 m/s².

Член 24

Покажувачкиот уред мора да биде изработен во форма на:

1) скала со црти, броеви и сказалка;

2) електронски цифрени скали.

Член 25

Скалата со црти на брзиномерот мора да биде кружна или праволиниска.

Вредноста на поделокот на скалата мораат да биде од редот на вредностите 1, 2, 5 или 10 km/h.

На скалата на брзиномерот и секои 20 km/h мораат да бидат означени со црта и бројка.

Ако поделбата на скалата е изработена со црти на секои 10 km/h, тогаш растојанието меѓу две соседни црти не смее да биде помало од 5 mm, односно аголното скршнување на сказалките во рамнината на движењето на сказалките не смее да биде помала од 15°.

Најголемата широчина на поделбената црта може да биде 3 mm, но не смее да биде помала од 1/5 дела од вредноста на растојанието меѓу две соседни црти (на поделокот).

Горната и долната граница на мерниот опсег мораат да бидат означени со црта и број.

Член 26

Ако сказалката се движи во рамнината која се наоѓа под или над рамнината на скалата со црти, тогаш широчината на сказалката не смее да биде поголема од најшироката црта, поделба.

Вертикалното отстојание на сказалката од рамнината на скалата мора да биде < mm.

Ако сказалката се движи во рамнината на скалата, тогаш растојанието меѓу врвот на сказалката и поделбената црта не смее да биде поголема од 3 mm.

Со конструкцијата на покажувачкиот уред мора да биде овозможено поместување на сказалката преку ознаката на горната граница на опсегот на мерењето, за најмалку 4% од вредноста на горната границата на опсегот на мерењето.

Ако покажувачкиот уред е изработен во форма на електронска цифрена скала, тогаш височината на цифрите мора да изнесува најмалку 10 mm, а вредноста на најмалиот поделок мора да изнесува 1 km/h.

Член 27

Дел од мерниот склоп на далномерот и брзиномерот (претворувачот, давачот на импулси), кој врши претворање на бројот на обртите на влезното вратило (погонското вратило) во определен број импулси на електричниот сигнал, може да биде поставен и надвор од кукиштето на мерилото.

Член 28

Уредот за бележење мора да го бележи: поминатиот пат (при движење на возилото напред и назад) и брзината на возилото, и секое отворање на хронотахографот.

Уредот за бележење се состои од механизам за задвижување на картичката и механизам за задвижување на пишувачот.

Член 29

Задвижување на картичката се врши преку:

1) саатниот механизам; или

2) саатниот механизам (кога возилото не се движи) и преку механизмот кој е во директна врска со погонските тркала на возилото (кога возилото се движи).

Член 30

Саатниот механизам за задвижување на картичката мора да биде изработен така што да врши рамномерно

(без лизгање и застој) задвижување на картичката во интервал на времето, кој е еднаков на опсегот на мерењето на времето.

Член 31

Сите пишувачи мораат да се движат по еден правец, кој е вертикален на правецот на движењето на картичката, или по поинаква патека, која ќе обезбеди јасно бележење на вредноста на измерените големини.

Член 32

Картичката изработена во облик на диск или лента, на која веќе се нанесени скалите, или се нанесуваат во текот на работата на мерилото. Со помош на скала се соочуваат забележаните вредности на мерените големини во целиот опсег на мерењето.

Член 33

Ако картичката е изработена во облик на диск, прорезот на картичката која служи за спојување на картичката со механизам за задвижување на картичката, мора да биде поставен во центарот на картичката, и не смее да постои зазор меѓу прорезот на картичката и елементот за спојување.

Ако картичката е изработена во облик на лента, механизмот за задвижување и водење на лентата мора да обезбеди задвижување на лентата без празно одење, лизгање и поместување во бочниот правец, на посматрано во однос на правецот на движењето на лентата.

Член 34

Поделбата на скалата за брзината мора да биде изработена на следниот начин:

1) со линии (полни или испрекинати) на секои 10 km/h, во полето за бележење на брзината, почнувајќи од 20 km/h, се до горната граница на опсегот на мерењето;

2) за бележење на брзината, која по вредноста е еднаква на нула (o km/h), т.е. за бележење на стоењето на возилото, мора да биде нанесена линија или поле ограничено со две (паралелни или концентрични) линии, така што вредноста на растојанието меѓу овие две линии да е помала или еднаква на вредноста на интервалот GDG за линеарната брзина;

3) секои 20 km/h мора да бидат означени со број;

4) растојанието меѓу линиите што означуваат промена (зголемување, намалување) на брзината за 10 km/h, мора да изнесува најмалку:

а) 1,5 mm - за опсег на мерењето чија горна граница не преминува 100 km/h;

б) 1,1 mm - за опсег на мерењето чија горна граница преминува 100 km/h;

5) широчината на линиите не смее да биде поголема од 1/20 дел од вредноста на најмалото растојание меѓу две линии што ја означуваат промената на брзината од 10 km/h.

Член 35

Полето за бележење на должината на поминатиот пат мора да биде така определено, така што без оглед на брзината со која се движи возилото, да може сосема јасно да се забележи должината на поминатиот пат.

Ако задвижувањето на картичката се врши преку саатен механизам секој километар на поминатиот пат мора да биде покажен на растојание од најмалку 1 mm.

Ако задвижувањето на картичката се врши преку погонски тркала, тогаш на картичката мора да биде нанесена скала, на која вредноста на најмалиот поделок не е поголема од 10 km.

Ако картичката, изработена во облик на лента, се движи и преку погонските тркала, тогаш еднаквите растојанија мораат да бидат забележени со линии на еднакви должини.

Поместувањето на картичката, кога таа се задвижува преку погонските тркала, мора да изнесува за поминатиот пат од 10 km, најмалку:

а) 2 mm, за картичката изработена во облик на диск, мерено на внатрешниот раб на полето за бележење на брзината;

б) 5 mm, за картичката изработена во облик на лента.

Член 36

Поделбата на скалата за времето мора да биде изработена на следниот начин:

1) вредноста на најмалиот поделок може да изнесува најмногу 5 min;

2) секој час мора да биде означен со број.

Ако картичката е изработена во облик на диск, аголното поместување на картичката мора да изнесува најмалку 10^0 за еден час.

Ако картичката е изработена во вид на лента, и ако ја задвижува само саатниот механизам, нејзиното поместување за еден час мора да изнесува најмалку 20 mm.

Ако задвижувањето на картичката се врши преку саатен механизам само за време на стоење на возилото, тогаш поместувањето на картичката може да биде помало, отколку што е пропишано во став 3 на овој член, со тоа што може да се отчита траењето на стоењето со точноста што е пропишана во член 11 на овој правилник.

Член 37

На картичката мора да постои поле во кое ќе се бележи промената на возачот, ако со конструкција на мерилото е предвиден уред за бележење на промена на возачот.

На картичката мора да постои место на кое може да се запишат податоци за возилото и возачот.

Член 38

Ако се врши бележење на повеќе дискови кои меѓусебно се поврзани, врската меѓу одделни дискови мора да биде така остварена, што бележењето на местата на преминувањето од еден диск на друг да се врши непречено.

Член 39

Хронотахографот се состои од следните делови:

1) куќиште, опремено со брава;

2) далномер;

3) брзиномер;

4) уред за бележење;

5) картичка;

6) електрично осветление на скалата.

Член 40

На погодно место во хронотахографот мора да постои ознака во однос на која се врши усогласување на времето обележано на картичката, со текуштото (дневно) време.

Член 41

Електричното осветление на скалата мора да биде така изработено, така што да не го заблескува возачот и да обезбедува добра видливост за бројникот и скалата.

Член 42

Мерилата можат да имаат додатни уреди, како што се:

1) часовник;

2) уред за сигнализација на пречекорување на определената брзина;

3) преклопник, со кој се бележи измена на возачот;

4) додатен бројник на далномерот кој може да се врати на нула;

5) уреди кои ги покажуваат параметрите на работата на моторот или на инсталацијата на возилото.

IV. НАТПИСИ И ОЗНАКИ

Член 43

Натписите и ознаките на мерилата мораат да бидат напишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Натписите и ознаките на мерилата мораат да бидат јасни, добро видливи, во работни услови и напишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 44

Натписите и ознаките мораат да се наоѓаат на скалата на покажувачката направа, или на таблицата што се на-

Член 50

Во случај на промена на паритетот на динарот во однос на странските валути, на воен инвалид и на корисник на семејна инвалиднина со живеалиште во странство паричните примања им се исплатуваат во валута и најмалку во износите што им се исплатувани според овој закон до денот на промената на паритетот на динарот.

Паричните примања во странска валута од став 1 на овој член Сојузниот извршен совет може да ги зголеми земајќи го предвид порастот на трошоците на животот во земјите во кои живеат тие лица, како и односот на порастот на паричните примања на корисниците на истите основни права со живеалиште во Социјалистичка Федеративна Република Југославија според порастот на трошоците на животот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

7. Здравствена заштита и парични надомести во врска со остварувањето на здравствената заштита

Член 51

Воен инвалид кој не ги исполнува условите за остварување на правото на здравствена заштита според прописите во областа на здравството, има според овој закон право на здравствена заштита и на паричен надомест во врска со остварувањето на правото на здравствена заштита, во обемот пропишан за работниците осигуреници на самоуправната интересна заедница на здравството на чие подрачје има живеалиште, ако со овој закон не е поинаку пропишано.

Член 52

Корисник на семејна инвалиднина, дете на воен инвалид од I до VII група што ги исполнува условите од член 33 став 1 точ. 2 и 3 на овој закон, брачен другар на воен инвалид од I и II група и брачен другар на воен инвалид од III и IV група на кој му е признато правото на додаток за нега и помош од страна на друго лице, што не ги исполнуваат условите за остварување на правото на здравствена заштита според прописите во областа на здравството, имаат според овој закон право на здравствена заштита и на паричен надомест во врска со остварувањето на правото на здравствена заштита во обемот пропишан за работниците осигуреници на самоуправната интересна заедница на здравството на чие подрачје имаат живеалиште.

Член 53

Воените инвалиди и лицата од член 52 на овој закон го остваруваат правото на здравствена заштита утврдено со овој закон во самоуправната интересна заедница на здравството на чиешто подрачје имаат живеалиште, на начинот и по постапката што се пропишани во таа заедница.

Член 54

На военот инвалид и на лицето од член 52 на овој закон, кои според прописите во областа на здравството имаат право на здравствено осигурување, им се обезбедуваат формите на здравствена заштита и парични надомести во врска со остварувањето на правото на здравствената заштита што се пропишани за работниците осигуреници на самоуправната интересна заедница на здравството на чие подрачје имаат живеалиште, кои не се опфатени со прописите врз основа на кои имаат право на таа заштита.

Член 55

Ако со прописите со кои се уредува остварувањето на надомест на личниот доход за време на привремената спреченост за работа е пропишан помал надомест на личниот доход од основата за надомест, военот инвалид има право на надомест на личниот доход за време на привремената спреченост за работа во височина на 100% од основата за надомест ако:

1) поради болест или повреда привремено е неспособен за работа односно ако заради лекување и медицински испитувања е сместен во стационарна здравствена или друга специјализирана организација на здружен труд;

2) е спречен да работи поради определено лекување или медицински испитувања што не можат да се вршат надвор од неговото работно време;

3) е упатен на бањско и климатско лекување;

4) е изолиран како бацилоносител или поради појава на заразна болест во неговата околина.

Член 56

Исплатувачот на надоместот на личниот доход за време на привремената спреченост за работа ќе му исплати на военот инвалид, во случаите на привремена спреченост за работа од член 55 на овој закон, надомест на личниот доход во височина на 100% од основата за надомест, а разликата помеѓу тој износ и надоместот на личниот доход утврдена во согласност со прописите со кои се регулира надоместот на личниот доход ќе се надомести од надлежниот орган кој за правата по овој закон решава во прв степен.

Член 57

На воен инвалид корисник на пензија или на паричен надомест за телесно оштетување според прописите за пензиското и инвалидското осигурување тие примања му се исплатуваат во ненамален износ додека се наоѓа во здравствена или во друга специјализирана организација на здружен труд во која му се обезбедени сместување и исхрана.

Ако во самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување е пропишано дека корисникот на пензија односно на паричен надомест за телесно оштетување според прописите за пензиско и инвалидско осигурување нема право на тие примања во полн износ додека се наоѓа во стационарна здравствена или во друга специјализирана организација на здружен труд во која му се обезбедени сместување и исхрана, заедницата ќе му го исплати на корисникот на тие примања - воен инвалид полниот износ на пензијата односно на паричниот надомест за телесно оштетување, а разликата ќе ја надомести од надлежниот орган кој за правата според овој закон решава во прв степен.

Член 58

Воен инвалид на кого по повод користењето на правото на здравствена заштита надвор од неговото живеалиште му е определен придружник, за време на патувањето и престојот во друго место, има право на надомест за исхрана и сместување за придружникот во височината што е утврдена врз основа на член 73 од овој закон, ако надоместот за исхрана и сместување за придружникот не се обезбедува во самоуправната интересна заедница на здравството на чие подрачје има живеалиште.

Член 59

Военот инвалид не учествува во трошоците за користење на здравствена заштита, освен за користење на лекови и незадолжителна имунизација.

По исклучок од одредбата на став 1 одо овој член, кога военот инвалид користи лекување со примена на природниот фактор според прописите за здравствено осигурување и здравствена заштита, не се ослободува од учество во трошоците за тоа лекување, ако учеството е утврдено со тие прописи.

Надлежниот орган во републиката, односно во автономната покраина и ги надомесува на организацијата на здружен труд, која му дава здравствени услуги на военот инвалид, износите пропишани во самоуправната интересна заедница на здравството на име учество на осигурениот во трошоците на здравствените услуги.

Одредбите од ст. 1 до 3 на овој член се применуваат и на корисниците на семејна инвалиднина според овој закон, кои тоа право го остариле како членови на семејството на паднат борец.

8. Бањско и климатско лекување

Член 60

Военот инвалид, под условите пропишани со овој закон и со прописи донесени врз основа на овој закон, има право на бањско и климатско лекување.

Член 61

Бањско и климатско лекување, во смисла на овој закон, е лекувањето што е неопходно како продолжение на

лекувањето од болестите што се пропишани како индикации за тоа лекување, а кое се врши во специјализирани здравствени организации на здружен труд во кои при лекувањето се применува и природен фактор, други здравствени организации на здружен труд во кои лекувањето се врши претежно со природен фактор, како и во организации на здружен труд основани за лекување, одмор и рекреација на борците и воените инвалиди во кои во лекувањето се применува природен фактор.

Член 62

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, во согласност со основите за склучување на договори што ќе ги утврди сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди, склучува договори за бањско и климатско лекување на воените инвалиди со организациите од член 61 на овој закон.

Со договорите од став 1 на овој член особено се утврдуваат обемот и квалитетот на здравствените и на другите услуги што тие организации им ги даваат на корисниците, цените на тие услуги и други меѓусебни права и обврски.

Договорите од став 1 на овој член не можат да се склучат под понеповолни услови од условите под кои оваа форма на здравствена заштита им се обезбедува на осигурениците – работници.

9. Бесплатно и повластено возење

Член 63

Военото инвалид и корисникот на семејна инвалиднина имаат право на бесплатно возење во внатрешниот сообраќај со железница, брод и автобус кога од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина се упатени или повикани во друго место заради преглед пред лекарска комисија или користење на бањско и климатско лекување според овој закон.

Ако на релацијата на која треба да се изврши патувањето не се врши превоз со средствата за јавен сообраќај, лицата од став 1 на овој член имаат право на паричен надомест на трошоците на превозот.

Член 64

Военото инвалид има право на повластено возење во внатрешниот сообраќај со железница, брод, автобус и авион, и тоа:

1) за три патувања годишно со железница, со брод и автобус – со повластица од 75% од редовната цена;

2) за две патувања годишно со авион – со повластица од 50% од редовната цена.

Член 65

Корисникот на семејна инвалиднина има право на едно бесплатно патување годишно со железница, брод и автобус заради посета на гробот на паднат борец на кого му се признати правата по овој закон, а кој не е закопан во местото на живеалиштето на корисникот на семејна инвалиднина.

Корисникот на семејна инвалиднина има право на бесплатно возење и за придружникот кога го користи правото од став 1 на овој член ако според оцената на надлежниот лекар поединец му е потребен придружник за време на патувањето.

Член 66

Корисникот на семејна инвалиднина има право на едно повластено возење годишно во внатрешниот сообраќај со железница, брод или автобус, со повластица од 75% од редовната цена.

Член 67

Под едно патување во смисла на чл. 64 до 66 на овој закон се подразбира заминувањето од појдовното во упатното место (возење во заминување) и враќањето од упатното во појдовното место или во некое друго место (возење во враќање).

Член 68

Кога воен инвалид од I до IV група, кому му е признато право на додаток за нега и помош од страна на друго лице, патува заради остварување односно користење на право според овој закон, има право на бесплатно возење за лицето кое за време на патувањето му дава нега и помош.

Военото инвалид од став 1 на овој член има право на бесплатно возење за придружникот и кога користи повластено возење според овој закон.

Военото инвалид кому му е определен придружник за време на патувањето заради користење на бањско и климатско лекување има право на бесплатно возење и за придружникот, во заминување и враќање.

Кога децата – корисници на семејна инвалиднина до наполнетата 15 година возраст патуваат во друго место затоа што надлежниот орган ги повикал или упатил заради остварување на право според овој закон, имаат право на бесплатно возење за придружникот.

10. Право на патничко моторно возило

Член 69

Военото инвалид на кого својството на воен инвалид од I група му е признато трајно поради ампутација или тешки оштетувања на долните екстремитети, изедначени со ампутација на екстремитет, и военото инвалид кому својството на воен инвалид од I група му е признато трајно врз основа на губење на видот на обете очи, има право на патничко моторно возило од домашно производство со зафатнина до 1.000 cm³.

Военото инвалид од став 1 на овој член кој ќе купи патничко моторно возило чијашто зафатнина е поголема од 1.000 cm³ има право на паричен надомест во износ на цената на возилото што ќе го купи, со тоа што тој надомест не може да биде поголем од износот на цената на возилото од став 1 на овој член.

Военото инвалид може повторно да го оствари правото на патничко моторно возило по истекот на седум години од денот на преземањето на порано применото односно купеното возило.

11. Помош во случај на смрт

Член 70

Во случај на смрт на воен инвалид, лицата од член 29 став 1 на овој закон имаат право на еднократна помош во височина на двомесечниот износ на личната инвалиднина на умрениот воен инвалид.

Износот на помошта во случај на смрт од став 1 на овој член не може да биде помал од месечниот износ на личната инвалиднина што му припаѓала на военото инвалид од III група во времето на смртта на военото инвалид.

Правото од став 1 на овој член може да се оствари ако не е остварено правото на надомест на трошоците за погреб според сојузните закони со кои се уредуваат основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941", на лицата одликувани со Орденот на народен херој, на учесниците на Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година и на лицата одликувани со орденот на Караѓорѓева ѕвезда со мечеви.

12. Надомест за исхрана и сместување

Член 71

Военото инвалид и корисникот на семејна инвалиднина има право на надомест за исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во друго место кога од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина е упатен или повикан во друго место заради преглед пред лекарска комисија или за време на патувањето заради користење на правото на бањско и климатско лекување според овој закон.

Правото на надоместот од став 1 на овој член го има и лицето кое поднело барање за признавање на својство на воен инвалид или на правото на семејна инвалиднина според овој закон ако со конечното решение му е признато тоа својство односно право.

2) лицата што самите се раниле или повредиле заради одбегнување на воената должност;

3) лицата осудени со правосилна судска пресуда поради учествување на страната на окупаторот или на неговите помагачи против партизанските одреди, Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија, Југословенската армија или сојузниците на Југославија.

Основните права пропишани со овој закон ги немаат членовите на семејството на лицата од став 1 на овој член, како и членовите на семејството што се осудени за делата од став 1 точка 3 на овој член.

1. Лична инвалиднина

Член 32

Личната инвалиднина на воените инвалиди им се определува во месечен износ, според групата на воениот инвалидитет.

Месечниот износ на личната инвалиднина на воениот инвалид од I група му се определува во височина на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија од претходната година, зголемен за 52%.

Месечниот износ на личната инвалиднина на воените инвалиди од II до X група им се определува во процент од личната инвалиднина на воениот инвалид од I група и изнесува:

Група	Процент
II	72,47%
III	54,83%
IV	40,49%
V	28,83%
VI	17,87%
VII	12,09%
VIII	5,83%
IX	4,35%
X	2,94%

2. Семејна инвалиднина и зголемена семејна инвалиднина

Член 33

Членовите на потесното семејство на паднат борец, членовите на потесното семејство на воен инвалид од I до VII група, по неговата смрт, и членовите на потесното семејство на лице кое загинало или умрело од последици на рана, повреда, озледа или болест здобиена под околностите од чл. 11 до 13 на овој закон, имаат право на семејна инвалиднина под следните услови:

1) вдовица – кога ќе наполни 45 години возраст или вдовец – кога ќе наполни 60 години возраст, како и пред наполнетите 45 односно 60 години возраст ако се неспособни за стопанисување;

2) деца, посвоеници и пасиноци – до наполнетата 15 година возраст, односно ако се на школување, до крајот на пропишаното траење на редовното школување, но најдоцна до наполентата 26 година возраст, а ако се неспособни за стопанисување – за времето додека таа неспособност трае, под услов неспособноста да настапила пред наполнетата 15 година, односно 26 година на возраст. Ако школувањето е прекинато поради служење на воениот рок или поради болест, правото на семејна инвалиднина овие лица можат да го користат и за време на служењето на воениот рок односно боледувањето, и тоа до наполнетата 26 година возраст, а потоа – најмногу уште на онолку време колку поради служењето на воениот рок односно поради болеста изгубиле од редовното школување, ако редовното школување е продолжено пред наполнетата 26 година возраст;

3) Лицето од точка 2 на овој став – за време на вонредно школување на прва година на виша школа, односно на факултет или друга висока школа, под услов на прва година студии да е запишано во годината во која завршило средно училиште и да е невработено.

Ако потесното семејство го сочинуваат брачниот другар со еден или повеќе членови на семејството од став 1 точка 2 на овој член, брачниот другар има право на семејна инвалиднина како соживател со нив, без оглед на условите од став 1 точка 1 од овој член, и тоа додека и едното од тие деца има право на инвалиднина.

По исклучок од одредбите од став 1 точка 1 и став 2 на овој член, брачниот другар на воен инвалид кој во времето на смртта бил корисник на додатокот за нега и помош од страна на друго лице, има право на семејна инвалиднина независно од условите предвидени во тие одредби, ако со воениот инвалид живеел во брачна заедница и во заедничко домаќинство последните пет години пред неговата смрт.

Член 34

Членовите на семејството од член 20 став 1 точка 2 и од член 21 став 1 точка 2 на овој закон имаат право на семејна инвалиднина во износите од член 36 ст. 2 и 3 на овој закон, и ако членовите на потесното семејство остариле право на семејна инвалиднина.

Очувот, маштеата или посвоителот кој ги исполнува условите за признавање на правото на семејна инвалиднина има првенствено право од родителот кој не ги извршува родителските должности спрема воениот инвалид.

Член 35

Дедото и бабата на паднат борец и на умрен воен инвалид од војните од I до VII група имаат право на семејна инвалиднина ако семејна инвалиднина не остваруваат членовите на семејството од член 20 став 1 точ. 1 и 2 и од член 21 став 1 точ. 1 и 2 на овој закон.

Ако семејството го сочинуваат дедо и баба по татко и дедо и баба по мајка, право на семејна инвалиднина имаат дедото и бабата што се грижеле за подигање и воспитување на лицето од кое го изведуваат своето право, односно дедото и бабата што ги издржувало тоа лице.

Член 36

Основа за определување на височината на семејната инвалиднина е месечниот износ на личната инвалиднина на воениот инвалид од I група.

Семејната инвалиднина за еден корисник на семејна инвалиднина изнесува 6,51% месечно од основата од став 1 на овој член.

Семејната инвалиднина за еден корисник на семејна инвалиднина кој тоа право го остварил како член на семејството на паднат борец изнесува 13,02% месечно од основата од став 1 на овој член.

Ако право на семејна инвалиднина остваруваат повеќе членови на семејството, за секој соживател износот на семејната инвалиднина од став 2, односно од став 3 на овој член се зголемува за 50%.

Член 37

Ако семејна инвалиднина користат двајца или повеќе членови на семејството, семејната инвалиднина им припаѓа на соживателите на рамни делови.

Член 38

Родителот на паднат борец чиешто единствено дете загинало во војна под околностите од чл. 5, 6, и 8 на овој закон, како и родителот на паднат борец што имал повеќе деца, па едно го изгубило животот под истите околности, а другите го изгубиле животот како граѓански жртви на војната (фашистички терор, воени операции, бомбардирање и др.), има право на семејната инвалиднина од член 36 став 3 на овој закон зголемена за 50%, под услов ни едно од тие деца да не оставило пород и тој родител подоцна да немал други деца.

Ако семејна инвалиднина според став 1 на овој член користат обата родители као соживатели, износот на семејната инвалиднина определен според член 36 став 3 на овој закон се зголемува за 50%.

Член 39

Родителот и брачниот другар на паднат борец кои немаат деца, односно ако имаат едно или повеќе деца што се неспособни за стопанисување, под услов таа неспособност да настапила пред 15 година на возраста на детето, односно пред наполнетата 26 година на возраста ако детето било на редовно школување, како и детето на паднат борец без обата родители, имаат покрај право на семејна инвалиднина, и право на зголемена семејна инвалиднина.

Зголемената семејна инвалиднина од став 1 на овој член изнесува 34,72% од месечниот износ на личната инвалиднина на военото инвалид од I група.

Ако повеќе лица од став 1 на овој член ги исполнуваат условите за признавање на правото на семејна инвалиднина, зголемената семејна инвалиднина во износот од став 2 на овој член му припаѓа на секое од нив.

Член 40

Право на семејна инвалиднина и на зголемена семејна инвалиднина има, под условите пропишани со овој закон, и военото инвалид.

Член 41

Членовите на семејството што ги исполнуваат условите за признавање на правото на семејна инвалиднина според две или повеќе лица, имаат право на семејна инвалиднина во ненамален износ по секое од тие лица, со тоа што правото на зголемена семејна инвалиднина од член 39 на овој закон можат да го остварат само по едно лице.

3. Додаток за нега и помош од страна на друго лице

Член 42

На додаток за нега и помош од страна на друго лице има право:

1) воен инвалид од I група;

2) воен инвалид од II, III и IV група кај кого оштетувањето на организмот настапило независно од военото инвалидитет што, заедно со военото инвалидитет, е еднакво на оштетувањето на организмот на военото инвалид од I група.

Воените инвалиди од став 1 на овој член, заради остварување на правото на додаток за нега и помош од страна на друго лице, се распоредуваат во три степени, и тоа:

1) во прв степен - воените инвалиди од I група кои се наполно неспособни за вршење на сите основни животни потреби и на кои им е неопходна непрекината нега и помош од страна на друго лице;

2) во втор степен - другите воени инвалиди од I група, како и воените инвалиди од II, III и IV група, чија неспособност е еднаква на неспособноста на воените инвалиди од I група распоредени во прв степен на додатокот;

3) во трет степен - воените инвалиди од II, III и IV група чија неспособност е еднаква на неспособноста на воените инвалиди од I група распоредени во втор степен на додатокот.

Член 43

Основа за определување на височината на додатокот за нега и помош од страна на друго лице е месечниот износ на личната инвалиднина на военото инвалид од I група.

Додатокот за нега и помош од страна на друго лице изнесува месечно:

1) за прв степен 85,73% од основата;
2) за втор степен 65,95% од основата;
3) за трет степен 46,17% од основата.

Член 44

На воен инвалид - корисник на додаток за нега и помош од страна на друго лице, кога е сместен во здравствена или друга организација на здружен труд во која му се обезбедени потребната нега и помош, не му припаѓа тој додаток за времето над три месеци што ќе го помине во таквата организација, освен ако самиот ги поднесува трошоците за сместување и снабдување.

Член 45

Военото инвалид - корисник на додаток за нега и помош од страна на друго лице има право на надомест на износот што како обврзник на плаќањето придонес од личниод доход го платил за лицето кое му дава нега и помош со кое склучил договор за работен однос.

Надоместот од став 1 на овој член не може да биде поголем од износот на придонесот на основицата што ја сочинува додатокот за нега и помош од страна на друго лице на кој военото инвалид има право.

4. Ортопедски додаток

Член 46

Право на ортопедски додаток има воен инвалид кому му е утврден военото инвалидитет поради потешки оштетувања на организмот што се непосредна последица од здобиена рана, повреда, озледа или болест што предизвикала ампутација на екстремитет, или тешко оштетување на функцијата на екстремитет како и поради потполно губење на видот на двете очи.

Оштетувањата на организмот од став 1 на овој член се распоредуваат во четири степени, според тежината, видот и причината на оштетувањето.

Член 47

Основа за определување на височината на ортопедскиот додаток е месечниот износ на личната инвалиднина на военото инвалид од I група.

Ортопедскиот додаток изнесува месечно:

1) за прв степен 28,93% од основата;
2) за втор степен 22,08% од основата;
3) за трет степен 14,22% од основата;
4) за четврт степен 6,88% од основата.

Ортопедскиот додаток од став 2 точка 1 на овој член му се зголемува за 25% на военото инвалид кај кого постои комбинација на повеќе оштетувања од прв степен.

5. Постојан инвалидски додаток

Член 48

Постојаниот инвалидски додаток за воените инвалиди со живеалиште во странство се определува зависно од групата на военото инвалидитет, степенот на додатокот за нега и помош од страна на друго лице, степенот на ортопедскиот додаток во кои е распореден военото инвалид и имотната состојба на военото инвалид.

Постојаниот инвалидски додаток за корисникот на семејна инвалиднина со живелиште во странство се определува зависно од бројот на соуживателите и од имотната состојба на корисникот на семејна инвалиднина.

Месечниот износ на постојаниот инвалидски додаток за воените инвалиди и за корисниците на семејна инвалиднина со живеалиште во странство го утврдува Сојузниот извршен совет во согласност со критериумите од ст. 1 и 2 на овој член.

6. Усогласување на инвалиднината, додатокот за нега и помош од страна на друго лице, ортопедскиот додаток и постојаниот инвалидски додаток

Член 49

Месечниот износ на личната, семејната и на зголемената семејна инвалиднина, на додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток се усогласуваат со порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, најмалку двапати во текот на годината. Начинот и роковите за усогласување на тие примања во текот на годината ги утврдува сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и воените инвалиди.

Конечно усогласување на месечните парични износи од став 1 на овој член се врши на почетокот од наредната година, спрема порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во претходната година.

Разликата помеѓу месечните парични износи од став 1 на овој член исплатени во претходната година и износите на тие примања утврдени според став 2 од овој член се исплатува за целата претходна година.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и воените инвалиди ги утврдува месечните парични износи на личната, семејната и на зголемената семејна инвалиднина, на додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток според одредбите на ст. 1 и 2 од овој член врз основа на официјалните податоци на сојузната организација надлежна за работи на статистиката.

оштетување на организмот најмалку за 20% настапило поради рана, повреда или озледа што ја здобил без своја вина:

1) при вршењето или по повод вршењето на задачи и работи на службата на државната и јавната безбеднсот што со закон или со пропис донесен врз основа на закон се утврдени како задачи и работи што ги вршат овластените службени лица;

2) за време на военостручната обука во организации на сојузот на резервните воени старешини и во други организации што ќе ги определи сојузниот секретар за народна одбрана, ако обуката ја планирал, организирал и контролирал орган на Југословенската народна армија или штаб на територијалната одбрана и ако обуката се изведува по позив од надлежниот орган на општествено-политичката заедница, како и за време на гаѓање со огнено оружје и други форми на воена обука што по својата природа можат да предизвикаат зголемена опасност за оштетување на организмот, а кои се предвидени со прогрмата на задолжителната обука за одбрана и заштита;

3) во составот на југословенската војска во времето од 18 мај 1920 до 6 април 1941 година, вршејќи ја воената должност или служба, или по повод таа должност односно служба.

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди, во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, ќе пропише кога ќе се смета дека оштетувањето на организмот од став 1 точка 1 на овој член настапило при вршењето или по повод вршењето на задачите и работите на државната и јавната безбедност.

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди, во спогодба со сојузниот секретар за народна одбрана, пропишува кои форми на воената обука предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот во смисла на став 1 точка 2 од овој член.

Член 14

Мирновременски воен инвалид е и државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, кому му е признато својството на мирновременски воен инвалид според прописите донесени пред 6 април 1941 година, поради оштетување на организмот од рана, повреда или озледа здобиена во српската или црногорската војска пред балканската или Првата светска војна.

Член 15

Мирновременски воен инвалид кој дополнително ќе ги исполни условите за стекнување на својството на воен инвалид од војните стекнува својство на воен инвалид од војните, а инвалидитетот му се утврдува според вкупното оштетување на организмот по обете основи.

Член 16

Својство на мирновременски воен инвалид може да оствари и странец кај кого оштетување на организмот настапило под околностите од чл. 11, 12 и 14 на овој закон.

Член 17

Небрежноста не се смета како вина во смисла на одредбите од чл. 11 и 13 на овој закон.

Член 18

За воено лице односно за активно воено лице се смета лицето што според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува службата во вооружените сили, е воено лице односно активно воено лице.

Како вршење на служба или должност во врска со службата во вооружените сили се смета вршењето на должноста која, според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува службата во вооружените сили, се смета како вршење на служба односно должност во врска со службата.

Како задолжителна воена служба се смета вршењето на воената обврска според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува воената обврска.

Како доброволна воена служба се смета вршењето на воена обука на жени според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува воената обврска.

Глава IV

СЕМЕЈСТВО НА ПАДНАТ БОРЕЦ

Член 19

Семејство на паднат борец е семејството на лице кое во времето од 17 април 1941 до 15 мај 1945 година загинало, умрело или изчезнало вршејќи воена должност или друга должност за воените цели во Народноослободителната војна, односно кое од рана, повреда, озледа или болест здобиена во таа војна умрело до 15 мај 1946 година.

Членови на семејството на паднат борец се и членовите на семејството на лице кое загинало, умрело или исчезнало под околностите од член 5 точка 1 на овој закон.

Член 20

Членови на семејството на паднат борец се:

1) брачниот другар, децата родени во брак или вон брак и посвоените деца, како и пасиноците што загинатиот, умрениот или исчезнатиот борец ги издржувал најмалку последната година пред смртта (во натамошниот текст: потесно семејство);

2) родителите, како и очувот, маштеата и посвоителот што загинатиот, умрениот или исчезнатиот борец го издржувале најмалку последните пет години пред смртта или што борецот ги издржувал последните пет години пред својата смрт;

3) дедото и бабата по татко и мајка.

Член на потесното семејство е и вонбрачната жена на загинат, умрен или исчезнат борец која пред 9 мај 1946 година со борецот живеела подолго време, или пократко време ако со него имала деца, а бракот не е склучен од оправдани причини.

Ќе се смета дека постоело издржување во смисла на став 1 точ. 1 и 2 од овој член и за времето за кое загинатиот, умрениот или исчезнатиот борец поради воените околности бил спречен да ги издржува пасинокот, очувот, маштеата или посвоителот, а ќе се смета и дека очувот, маштеата или посвоителот за тоа време го издржувале загинатиот, умрениот или исчезнатиот борец.

Глава V

ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО НА ВОЕН ИНВАЛИД

Член 21

Членови на семејството на воен инвалид се:

1) брачниот другар, децата родени во брак или вон брак и посвоените деца, како и пасиноците што военот инвалид ги издржувал најмалку последната година пред смртта, односно пред настапувањето на инвалидитетот (во натамошниот ткест: потесно семјество на военот инвалид);

2) родителите, како и очувот, маштеата или посвоителот што за военот инвалид се грижеле последните пет години пред смртта на военот инвалид, или што военот инвалид ги издржувал последните пет години;

3) дедото и бабата по татко и мајка.

Членови на семејството на мирновременски воени инвалиди и на лица што загинале или умреле од последици на рана, повреда, озледа или болест здобиена под околностите од чл. 11 до 13 на овој закон, се само лицата од став 1 точ. 1 и 2 на овој член.

Глава VI

ОСНОВНИ ПРАВА

Член 22

Основните права на военот инвалид се:

1) лична инвалиднина;

2) додаток за нега и помош од страна на друго лице;

3) ортопедски додаток;

4) постојан инвалидски додаток;

5) здравствена заштита и парични надомести во врска со остварувањето на здравствената заштита;

6) бањско и климатско лекување;

7) бесплатно и повластено возење;

8) надомест за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место;

9) право на патничко моторно возило.

Член 23

Основните права на член на семејството на паднат борец се:

1) семјена инвалиднина;

2) зголемена семејна инвалиднина;

3) постојан инвалидски додаток;

4) здравствена заштита и парични надомести во врска со остварувањето на здравствената заштита;

5) бесплатно и повластено возење;

6) надомест за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место.

Основните права утврдени во став 1 на овој член за членовите на семејството на паднат борец ги имаат и членовите на семејството на лице кое загинало, умрело или исчезнало под околностите од член 5 точка 1 и чл. 6 и 8 на овој закон.

Член 24

Заради остварување на правата според овој закон, воените инвалиди се распоредуваат во групи на воениот инвалидитет според степенот на оштетувањето на организмот изразен во процент.

Процентот на воениот инвалидитет се определува сразмерно со оштетувањето на организмот што настанало како последица од рана, повреда, озледа или болест здобиени под околностите утврдени со овој закон.

За определување на процентот на воениот инвалидитет се земаат предвид и: оштетувањата на организмот настанати поради употреба на стандардни лекови, поради операции и други терапевтски потфати заради лекување од рани, повреди, озледи и болести здобиени под околностите предвидени со овој закон и поради носење на ортопески помагала; полот; околностите под кои кај малолетниците и воените заробеници настапило оштетување на организмот поради психосоматски оштетувања и растројства; губење или тешко оштетување на парен орган ако другиот парен орган е изгубен или тешко оштетен поради последици од рана, повреда, озледа или болест здобиена под околностите утврдени со овој закон.

Член 25

Според процентот на инвалидитетот, воените инвалиди се распоредуваат во десет групи на воениот инвалидитет, и тоа:

I група – инвалиди со 100% инвалидитет на кои за редовен живот им е потребна нега и помош од страна на друго лице;

II група – инвалиди со 100% инвалидитет;

III група – инвалиди со 90% инвалидитет;

IV група – инвалиди со 80% инвалидитет;

V група – инвалиди со 70% инвалидитет;

VI група – инвалиди со 60% инвалидитет;

VII група – инвалиди со 50% инвалидитет;

VIII група – инвалиди со 40% инвалидитет;

IX група – инвалиди со 30% инвалидитет;

X група – инвалиди со 20% инвалидитет;

Сојузниот орган на управата надлежен за прашања на борците и на воените инвалиди, по прибавено мислење од лекарските комисии што им даваат наод и мислење на органите на управата кои решаваат за правата според овој закон во втор степен донесува пропис за утврдување на процентот на воениот инвалидитет според степенот на оштетувањето на организмот и другите услови и критериуми за утврдување на воениот инвалидитет.

Член 26

При утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет, за лицата кај кои под околностите од член 7 и член 12 став 3 на овој закон настапило оштетување на организмот се зема соодветен процент од севкупното оштетување на организмот, со оглед на природата на болеста и нејзиниот развој, траењето и тежината на воените напори, односно на напорите при вршењето на воената служба во вооружените сили, како и со оглед на другите околности што во одделни случаи влијаеле врз болеста.

Процентот на воениот инвалидитет утврден со конечното решение според став 1 на овој член по основа на влошувањето на болеста, што е определен при првото утврдување на воениот инвалидитет, не може подоцна да се зголеми, без оглед на натамошното влошување на оштетувањето на организмот.

При утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет на лицето кое по 15 мај 1945 година останало на отслужување на задолжителниот воен рок, па пред истекот на тој рок е отпуштено од Југословенската народна армија поради влошување на болеста здобиена при вршењето на воената должност во војна, по која не му е признато својството на воен инвалид од војните, нема да се применуваат одредбите на ст. 1 и 2 од овој член.

Член 27

По смртта на воениот инвалид од I до VII група, членовите на неговото семејство, како и членовите на семејството на лице загинато или умрено од последици на рана, повреда или озледа здобиена под околностите од чл. 11 до 13 односно умрено од болест здобиена под околностите од член 12 на овој закон, имаат право на семејна инвалиднина, здравствена заштита и бесплатно и повластено возење и на надомест за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место.

Член 28

Членовите на потесното семејство на воениот инвалид од I и II група и членовите на потесното семејство на воениот инвалид од III и IV група, кому му е признато правото на додаток за нега и помош од страна на друго лице, како и децата на воениот инвалид од III до VII група, имаат право на здравствена заштита во обемот и под условите пропишани со овој закон.

Член 29

Во случај на смрт на воен инвалид, членовите на домаќинството со кои воениот инвалид ја живеел последната година на животот, односно лицето кое за воениот инвалид се грижело во текот на последната година на неговиот живот, имаат право на парична помош.

Лицето што ќе ги превезе посмртните останки на воениот инвалид што ќе умре надвор од своето живеалиште – на патот за здравствената организација на здружен труд, во таа организација или при враќањето од таа организација, има право на надомест на трошоците за превоз на посмртните останки на воениот инвалид.

Член 30

Воен инвалид со живеалиште во странство има право на лична инвалиднина, додаток за нега и помош од страна на друго лице, ортопедски додаток и постојан инвалидски додаток.

Членовите на семејството на паднат борец со живеалиште во странство имаат право на семејна инвалиднина, зголемена семејна инвалиднина и постојан инвалидски додаток.

По смртта на воениот инвалид од I до VII група, членовите на неговото семејство, како и членовите на семејството на лица загинати или умрени од последици на рана, повреда, озледа или болест здобиена под околностите од чл. 11 до 13 на овој закон, со живеалиште во странство, имаат право на семејна инвалиднина и постојан инвалидски додаток.

Лицата од ст. 1 до 3 на овој член, кога престојуваат на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, имаат право на здравствена заштита и бесплатно и повластено возење, а воените инвалиди – и право на бањско и климатско лекување, под условите пропишани со овој закон.

Член 31

Основните права утврдени со овој закон ги немаат:

1) лицата што пребегнале кон непријателот или побегнале од војска или од воена должност;

Страна

471. Правилник за југословенските стандарди за методите за испитување на бакарот и бакарните легури — — — — — — — — — — — — — — — 958

472. Правилник за југословенските стандарди за нисконапонскии апарати за управување — — 959

473. Правилник за југословенските стандарди за регулациони вентили — — — — — — — — — — — 959

474. Правилник за југословенските стандарди за заварување — — — — — — — — — — — — — — — 959

475. Правилник за југословенскиот стандард за опрема за истражување и експлоатација на нафта, гас и слоести води — — — — — — — — — 960

476. Правилник за југословенскиот стандард за стабилни садови под притисок за течни атмосферски гасови — — — — — — — — — — — — — — 960

477. Правилник за метролошките услови за ветеринарски термометри — — — — — — — — — — — 960

478. Правилник за метролошките услови за далномери, брзиномери и хронотахографи — — — 962

479. Правилник за метролошките услови за синусни линијари — — — — — — — — — — — — — — 965

Страна

Одлука за оценување на согласноста со Уставот на СФРЈ и на спротивноста со сојузниот закон на одредбата на член 35 од Законот за радиодифузната дејност — — — — — — — — — — — — 967

Одлука за оценување на уставноста на член 27 став 1 од Правилникот за образование и усовршување на работниците на Основната организација на здружен труд „Основна здравствена заштита", во Сремска Митровица, од 11 февруари 1983 година — — — — — — — — — — — — — — 967

Одлука за оценување на уставноста на точка 9 од член 36 на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот — — — — — — — — — 968

Исправка на Законот за правото на временско користење на туристички објект — — — — — — 969

Исправка на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот — — — — — — 969

Исправка на Упатството за единствените методолошки принципи за начинот на водење и користење на евиденциите за остварената научна, културна, просветна, техничка и технолошка соработка со странство — — — — — — — — 969

Укази — 969

Назначувања и разрешувања — — — — — — — — — 970

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник ВЕЉКО ТАДИЌ. – Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ тел. 650-155 лок. 35. – Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1.